**7.** Времетраењето на Иницијативниот одбор е краткорочно и завршува со конституирање на Локалното собрание на млади. Работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Битола.

**8.** Улога и задачи на Иницијативниот одбор:

• Поддршка на Општина Битола во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот младински совет;



"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

◦ Распишување повик за членови во Локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општина Битола по принципот на јавност и транспарентност;

◦ Соработка со Општина Битола при организација и одржување на конститутивната седница на Локалното собрание за млади.

9. Критериуми кои треба да ги исполнуваат младите лица кои сакаат да се вклучат во иницијативниот одбор се:

- Да бидат жители на Општина Битола;
- Да бидат на возраст од 15 – 29 години;
- Да бидат креативни и способни за индивидуална и тимска работа;
- Да имаат интерес за унапредување на локални младински политики;
- Да имаат интерес за развој на младинското здружување на локално ниво;

**10.** Задолжителни документи:

- Портфолио на организацијата/групата/здружението, (освен за политички подмладок)
- Извештај за работата на здружението за 2022-2023 година или друг документ во кои се наведени реализираните активности со млади, младински политики и иницијативи во општината.
- Пријава за номинација за член во Иницијативен одбор и контакт-информации (Прилог бр.1)
- Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице (Прилог бр.2)
- Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата (Прилог бр.3)
- CV на предложениот кандидат.
- Кратко мотивационо писмо од страна на предложениот кандидат

**11.** Пријавите за членство во Иницијативниот одбор заедно со потребната документација во еден оригинален примерок, потпишана од одговорното лице, се доставуваат на е-маил адресата на службеникот за млади на Општина Битола sport@bitola.gov.mk **или** до архивата на Општина Битола секој работен ден од 07:30-15:30 часот со назнака:

„До Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања
на Советот на Општина Битола
За Јавниот повик за свикување Иницијативен одбор за
конституирање на Локално собрание на млади на Општина
Битола"

**12.** Пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик нема да бидат земени предвид.
- Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.



"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

13. Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Битола, по завршувањето на рокот за доставување на кандидатури по Јавниот повик, на седница ја разгледува целосната документација и им ги верификува мандатите на петте кандидати кои ги исполнуваат критериумите во овој Јавен повик.

14. Резултатите за избрани членови на Иницијативниот одбор ќе бидат објавени на веб страната на Општина Битола најдоцна седум дена по потпишувањето на Решението од страна на Претседателот на Советот на Општина Битола.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Битола**

______________________

**Габриела Илиевска**



"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 36 став 1 алинеа 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РСМ" бр.5/02), член 22 став 1 алинеа 47 и член 60-г од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), член 5 од Одлуката за формирање на локален младински совет ("Службен Гласник на Општината Битола" бр.6/21) а во врска со член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) а врз основа на Записник од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување бр.0910-137/2 од 01.11.2024 година и бр.0910-145/2 од 14.11.2024 година, Претседателот на Советот на Општина Битола го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Битола

1. Се формира Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Битола. За членови на Иницијативниот одбор се избрани:

- Михаил Милевски (ЛК СДММ Битола)
- Мартин Ивановски (УМС ВМРО ДПМНЕ Битола)
- Викторија Брдаровска (ПРО ЛОКАЛ - Битола)
- Кристијан Велјановски (Организација на млади на ПОДЕМ Битола)
- Марко Илкановски (Младинска асоцијација ИМКА Битола)

2. Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во формирањето на Локалното собрание на млади.

Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и единствено тие членови имаат за задача да го формираат Локалното собрание на млади. Времетраењето на Иницијативниот одбор е краткорочно и завршува со конституирањето на Локално собрание на млади.

Работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Битола.

3. Иницијативниот одбор во својата работа е должен да ги почитува Законот за младинско учество и младински политики („Службен Весник на РСМ" бр.10/20) и Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21).

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

4. Ова Решение влегува на сила со денот на неговото донесување.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната страна има право на тужба во рок од 30 дена од приемот до Управниот суд.

Бр. 09-146/12
14.11.2024год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола

Габриела Илиевска

ОПШТИНА БИТОЛА

Градоначалник

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 5/02) , член 23 од Законот за младинско учество и младински политики, („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 10/2020), член 34 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 , 35/2018 и 198/2018) и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.143/2019) Градоначалникот на Општина Битола донесе*

***Р Е Ш Е Н И Е***

*1.Се задолжува:*
**Наташа Ташкова Поповска** *од Битола вработена во општинската администрација на Општина Битола на неопределено работно време,*
**на работно место од групата 1, административни службеници, подргупа 1 – државни службеници , Категорија В, ниво В01** во звање/ ниво **Советник**
*да извршува работи и работни задачи од Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите, во делокругот на надлежноста на општината Битола,(Службеник за млади), а предвидени во член 23 од Законот за младинско учество и младински политики.*

*2.Се задолжуваат:*
**Стефанија Боцевска Советник** *од Битола вработена во општинската администрација на Општина Битола на* ***неопределено работно време,***
**на работно место од групата 1, административни службеници, подргупа 1 – државни службеници , Категорија В, ниво В01** во звање/ ниво **Советник и**

**Андреј Гулабовски** *од Битола вработен во општинската администрација на Општина Битола* ***на неопределено работно време,***
**на работно место од групата 1, административни службеници, подргупа 1 – државни службеници , Категорија В, ниво В04** во звање/ ниво **Помлад соработник да ја заменуваат Наташа Ташкова Поповска во**
***извршување на работи и работни задачи*** *од Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите, во делокругот на надлежноста на општината Битола,(Службеник за млади), а предвидени во член 23 од Законот за младинско учество и младински политики,*
***кога таа е спречена во извршување на ова задолжување.***

*Извршувањето на работите и работните задачи е во рамките соодветни со професионални квалификации и работните компетенции на државните службеници..*

*Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр. 04-56 од 30.05.2024 годна.*

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

*О б р а з л о ж е н и е*

*Согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики, ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 10/2020)*
*утврдена е обрската на општината да одреди лице – Службеник за млади.*
,,Службеник за млади
Член 23
(1) Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни да одредат службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.
(2) Службениците за млади од ставот (1) на овој член изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб-страниците на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.
(3) Контакт информациите за службениците за млади од ставот (1) на овој член се јавно достапни преку гласилата на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.,,

*Согласно член 34 од Законот за вработените во јавен сектор:*
,,Должност за извршување на работите и на работните задачи
Член 34
(1) Вработените во јавниот сектор се должни да ги извршуваат работите и работните задачи опишани во актот за систематизација на работните места на институцијата.

(2) Вработените во јавниот сектор, врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот, или од раководното лице на институцијата, се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во описот од ставот (1) на овој член, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и со работните компетенции.,,

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на решението.*

***Правна поука**: Против ова решение државниот службеник може да поднесе приговор до Агенцијата за администрација , во рок од 8 дена од приемот на решението.*

*Бр. 04-*105/1
*17.09.2024.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општина Битола*
*Тони Коњановски*

*Изготвил; Кире Ѓоргиевски*

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

**ПРИЈАВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТАТА НА МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО ПЕРИОД 2022 – 2026**

| ОПШТИ ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Име на здружението/фондацијата или групата на здруженија и фондации кои аплицираат заедно | Здружение за одржлив развој Сфера Интернешнал - Битола<br>М.А. ИМКА Битола<br>Младински културен центар - Битола |
| Доколку се пријавувате во партнерство од повеќездруженија/фондации наведете ја улогата на секој од партнерите во партнерството | Здружение за одржлив развој Сфера Интернешнал - Битола – организациона поставеност<br>ИМКА Битола – проограмска координација<br>Младински културен центар - Битола - програмска координација |
| Уписен број во регистарот на младински организации, организации за млади и младински чадоро рганизации | Здружение за одржлив развој Сфера Интернешнал - Битола 12-37/1<br>М. А. ИМКА Битола 12-1812/2<br>Младински културен центар - Битола 12-1060/2 |
| Опишете ги искуството и досегашните активности и достигнувања во младинската работа на здружението/фондацијата или групата здруженија/фондации во полето на младинската работа | Здружение за одржлив развој Сфера Интернешнал – Битола<br><br>Здружение за одржлив развој Сфера Интернешнал - Битола е невладина организација од Битола, која првпат беше формирана во 2007 година како неформална група и во јули 2009 година е регистрирана како невладина организација. Општата цел на Сфера Интернешнал е да се едуцира населението во Северна Македонија, користејќи различни неформални методи, за заштита на животната средина, културното и природното наследство, и да се подигне свеста на сите возрасни групи за важноста на здравиот начин на живот и придобивките што ги носи тоа.<br><br>Активни сме на младинско поле повеќе од 13 години. Проектите на кои работиме адресираат голем број теми како што се: заштита на животната средина и рециклирање, спорт и здравје, уметност и креативност, младинска работа и советување, борба против невработеноста на младите, социјална инклузија, дискриминација и предрасуди, лидерство и демократија, дигитализација и развивање на дигитални вештини. До сега успешно сме реализирале над 100 проекти на локално и меѓународно ниво кои се однесуваат на горенаведените теми, кои имаат за цел подобрување на младите на професионален и личен план. |

| | |
|---|---|
| | На локално ниво организираме различни видови активности како што се: акции за чистење, работилници за создавање уметност од ѓубре во основните училишта и средните училишта, едукативни работилници, активности за планинарење и велосипедизам, настани за сликање (Artattack), филмски и музички ноќи, фотографија работилници и изложби. Нашите активности придонесуваат за подигнување на свеста кај младите за заштита на животната средина, екологијата, активностите на отворено и спортот. СФЕРА има учествувано на повеќе од 600 Еразмус/млади во акциони проекти како партнер и испрати повеќе од 5000 млади луѓе во младински проекти во Европа, исто така прими околу 586 интернационални волонтери и испрати 86 членови/волонтери од Северна Македонија во досегашното работење. Моментално организацијата брои 3 вработени лица, 2 млади практиканти од Битола, 1 практикантка од Франција а бројот на членови е над 600 волонтери од целата држава.<br><br>ИМКА Битола<br><br>Младинска Асоцијација ИМКА Битола работи во полето на неформално образование за млади, нудење поддршка за младинско учество во процесите на донесување на одлуки, промовирање на младински активизам, волонтирање, здрави животни навики и градење на општество кои ги поттикнува позитивните вредности и поведенија кај младите луѓе. Во првата декада од постоењето на организацијата фокусот беше на младински активности од клубски карактер, проекти од помал обем и подоцна програмите ЕВС и Млади во акција (денес ЕСЦ и Еразмус+).<br><br>Во втората декада од постоењето се продолжи со намален обем работата на интернационални активности во рамките на Еразмус+, ЕСЦ и активности во рамките на мрежата на ИМКА Европа и ИМКА Свет со цел фокусот повеќе да се стави на инвестиции во младите во државава. Во текот на 2010-2016 година ИМКА имплементиравме младински програми во училиштата преку зајакнување на младинското учество во одлучувањето, креирање и јакнење на капацитети на ученички организации, воведување на дете правобранител. Во таа насока со цел зајакнување на инвестициите во младите од државава во периодот 2012-2020 посветивме многу внимание на работа на програмата за личен развовој (ГЛОУ и ИМЛП). Програмата се спроведуваше на национално ниво и опфаќаше два национални летни кампови на отворено во американски стил проследени со обуки за камп инструктори и клубови за млади од целата држава каде младите се стекнуваа со вештини за вработливост, лидерството, волонтерство, екологија, како и други теми од граѓанско образование, личен развој, креативни и спортски активности, а сево ова го реализиравме со големо внимание посветено на поттик на добротворството/филантропијата преку промовирање на волонтерството и поттикнување корпоративна и општествена одговорност меѓу компаниите и граѓаните.<br><br>Последниве години ИМКА посветува сериозни напори за инвестиции во младите со фокус на локално ниво за зајакнување на младите во Битола преку проектни активности во соработка со основните и средните училишта на темите личен раст и развој, ментално здравје, младинска вработлилвост, дигитално образование и екологија. На локално ниво во минатото и сега ИМКА е активна во локалните општински совети со свој претставници во Советот за Млади, Локалниот Совет за Волонтерство и Советот за безбедност во сообраќајот со што директно учествувала и во |

| | |
|---|---|
| | обликувањето на дел од политиките на Општината. На национално ниво ИМКА дава придонес во областите за развој на релевантни младински политики и стратегии поддржувајќи ги мрежите „Коалиција СЕГА“ и „Сојуз за Младинска Работа“, како и унапредување на добротворството / филантропијата во државава преку мрежата за финансиска одржливост. На интернационално ниво е ИМКА е позиционирана и придонесува во мрежите за млади ИМКА Европа и ИМКА Свет.<br><br>Младински културен центар - Битола<br><br>Младински културен центар - Битола е граѓанска непрофитна организација за млади формирана во 1999 година. Визијата на организацијата е развиено демократско општество во кое младите се лидери на прогресот. Мисијата на организацијата е обединување и развој на кративните потенцијали на младите и развој на граѓанскиот активизам и волонтирањето. Долгорочни цели на МКЦ – Битола се да го промовира волонтерството, да го афирмира неформалното образование, да ги развива демократијата и граѓанското општество и да ја поддржува урбаната култура. Работиме на 5 стратешки приоритети: 1. Унапредување, развој и промоција на волонтерството, 2. Јакнење на капацитетите, знаења, вештини и мобилност на младите преку неформално образование, 3. Развој на демократија, еднаквите можности и граѓанското општество, 4. Поддршка и развој на урбана култура, 5. Организациски развој на МКЦ-Битола.<br><br>МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи. За повеќе од 20 година постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Битола, Северна Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.<br><br>МКЦ-Битола во рамките на ИПА проектот „Обединети младински работници“ го возобнови Сојузот за младинска работа и поднесе успешна иницијатива за признавање на занимање - работник со млади во Република Северна Македонија. МКЦ-Битола активно учествува во сите процеси поврзани со унапредување на младинските политики и креирање на стратешки документи поврзани со млади, младинска работа, волонтерство и вработливост на млади. |
| Административен и програмски тим (кадар, профил, улога и сл.)[1]. | Катерина Поповска, младински работник - Сфера Интернешнл, организација и раководење<br>Јовче Крстески, психолог и младински работник – ИМКА Битола, програмска координација<br>Марија Мерковска Крушаревска - МКЦ Битола, програмски асистент |

[1]Претставете го административниот и програмскиот тим кој ќе биде вклучен во управување со работата на младинскиот центар, подготовка, спроведување и проценување на резултатите од програмата на младинскиот центар. Заедно со програмата треба да се достави кратка биографија на членовите на тимот.

| **ПРЕДЛОГ-ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТАТА (2025) ГОДИНА[2]** | |
|---|---|
| Назив на младинскиот центар | Младински Центар на Општина Битола |
| Оправданост | (*Опишете ја состојбата на младите и контекстот во кој ќе се спроведува програмата*)<br><br>Контекстот на програмата за Младински Центар на Општина Битола го креиравме врз основа на реалните потреби на младите базирани на резултати од бројни истражувања кои опфаќаат различни аспекти од животот на младите и предизвици со кои тие се соочуваат, истовремено следејќи го правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри. Голем број истражувања покажуваат дека младите кои се вклучени во активности во локалната заедница имаат повеќекратна придобивка: психолошка, социјална и образовна. Од друга страна, пак, 90 % од младите во државава никогаш не биле дел од граѓанска организација или иницијатива која работи на проблеми поврзани со општеството, додека само 20 % од нив можат да се замислат во иднина да се приклучат на некоја од активностите на граѓанска/невладина организација или иницијатива.(1)<br><br>Според истражувањето на Вестминстер Фондацијата за демократија за општествено-политичкото учество на младите во Северна Македонија во 2022 година може да ги издвоиме следните битни наоди:<br>- Половина од младите (51%) преземаат иницијатива за решавање на одредени социјални проблеми, но само една третина успеваат често да ги решат проблемите со кои се занимавале.<br>- Половина од младите (57%) ретко или никогаш не ги следат политичките настани и случувања во земјата.<br>- Младите лица со попреченост се соочуваат со поголеми предизвици во зголемувањето на нивното учество во споредба со општата млада популација.<br>- Помалку од една третина од младите (31%) сметаат дека државата се движи во правилна насока а само 3% од младите се целосно задоволни со нивното место во општеството.<br>- Голем процент, дури 80% од младите испитаници сметаат дека властите воопшто не се грижат или само делумно се грижат за нив и за нивните потреби и проблеми а 85% од младите никогаш не биле консултирани од властите, ниту на локално ни на централно ниво. |

[2] Во прилог на Пријавата, доставете детална програма за работа за Младинскиот центар за 2023 година. Организацијата/-иите на која ќе ѝ биде доделен Младинскиот центар на управување е должна да поднесува годишна програма и буџет за секоја година пред истекот на претходната година, како и периодични (квартални) и годишен извештај во текот, односно крајот на годината.“

| | |
|---|---|
| | Кога станува збор за КОВИД – 19 и последиците врз младите, според истражувањето најнегативно погодени аспекти од КОВИД-19 кризата за речиси **четвртина** млади луѓе се: дружењето и врските, културно-забавниот живот и добросостојбата на семејството. 11% пријавиле потешкотии во менталното здравје поради пандемијата. (3)<br><br>Според почетната студија за младинските трендови во Република Северна Македонија направено во склоп на проектот “Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата” во 2022 година, кое опфати млади од 18-29 години кои живеат во Општина Битола, може да се издвојат следните битни резултати:<br>- 42% од испитаниците сметаат дека неформалното образование ги зголемува шансите за полесно наоѓање на работа, но само 38% учествувале на работилница за социјален и личен развој.<br>- 85,7% од испитаниците сметаат дека во Општина Битола недостигаат обуки за млади а во однос на тоа какви обуки сметаат дека им се потребни, најголем процент од испитаниците (63,3%) сметаат дека треба да има обуки за ментално здравје, потоа половината (55%) сметаат дека треба да има обуки за кариерен развој, и останатите обуки кои младите сметаат дека им се потребни се обуки за: дигитални вештини, јазични обуки, обуки за маркетинг и обуки за работа со млади и обуки за личен развој.<br>- 56% сметаат дека образовниот процес не ги подготвува младите за успешно вклучување на пазарот на труд.<br>- 41% од испитаниците се соочиле со предизвици за менталното здравје но 88% не се обратиле на психолог или психотерапевт.<br>- 82% би сакале да станат претприемач.<br><br>На прашањето: Што недостига во училиштата во вашата општина каде учите или сте учеле? најголем број од испитаниците (53%) сметаат дека недостигаат повеќе вонnаставни активности (спортски натпревари, музички/ликовни секции, театарски претстави, потетски читања и сл.)<br><br>Анализата на резултатите од горенаведените истражувања служеше за основа при креирањето на програмата и планирање на активностите на младинскиот центар, со цел да ги адресира реалните потреби на младите во Општина Битола. Како дополнување, искуството од континуираната работа со млади на сите три организации, служи за поткрепа на овие резултати кои ја претставуваат реалната слика на состојбата и потребите на младите во Општина Битола и токму затоа програмата се состои од активности кои придонесуваат кон личниот, социјалниот развој на младите во Битола и нивна активна вклученост во животот на заедницата, како и дополнување на релевантни за нив информации низ методи на неформалното образование. |

| | |
|---|---|
| | 1 Галевски, М. (2019).Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочараност? Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија<br>2 Галевски Станојковска Трајковска, Н. (2021). Младински (не)еднакви можности и потреби. Истражување за предизвиците и потребите на младите според големината на местото на живеење. Младински Образовен Форум, Северна Македонија<br>3 https://www.wfd.org/what-we-do/resources/youth-north-macedonia-optimism-apathy-or-disappointment |
| Релевантност | *(Накратко опишете ја релевантноста на предложената програма )*<br><br>Програмата која ја креиравме за Младинскиот Центар на Општина Битола, ќе им обезбеди на младите од Општината пристап до безбедна, отворена и поддржувачка средина каде што можат да се поврзат со врсниците, да стекнат вештини, да добијат поддршка, да научат за себе и за животната средина во која живеат. Активностите кои ги предвидуваме во програмата се базирани врз вистинските потреби на младите од Општина Битола, се флексибилни и инклузивни и ќе ги понудат следните придобивки за сите кои ќе се приклучат на нив:<br><br>ЧУВСТВО НА ПРИПАДНОСТ<br>Младите луѓе кои ќе го сочинуваат младинскиот центар нема да бидат само „присутни“, тие ќе бидат јадрото на центарот. Младинскиот центар ќе функционира на начин што ќе креира простор за младите да се чувствуваат како едно од ретките места што навистина им припаѓаат. Ќе овозможиме простор каде што младите ќе иницираат и организираат активности едни за други.<br><br>САМОЗАПОЗНАВАЊЕ<br>Адолесцентите, но и голем дел од младите до 29 години минуваат низ интензивен период на идентитет развој, прашувајќи се: Кој сум јас? Како да се вклопам? Која е мојата улога? Флексибилноста на програмата им овозможува на младите да „пробуваат“ поинакви, нови интереси, па дури и идентитети во едно безбедно опкружување и да видат кои од нив им одговараат на нивните интереси и потреби.<br><br>РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ<br>Времето поминато во вон-училишни програми ќе им даде можност на младите да стекнуваат и практикуваат меки и тврди вештини што директно ќе им користи за нивниот личен развој но и ќе придонесе кон зголемувањето на нивната вработливост. Овие вештини вклучуваат: комуникација, решавање проблеми, емпатија, лидерство и креативност. |

| | |
|---|---|
| | СТЕКНУВАЊЕ НА НОВИ ЗНАЕЊА<br>Различните обуки кои ќе бидат организирани во младинскиот центар покрај развивање на вештини ќе им донесат и стекнување на нови знаења за теми кои младите, според истражувањата, се интересираат, како темите за: ментално здравје, здрави животни навики, заштита на животната средина, човекови права, претприемништво, активно граѓанство и учество во демократскиот живот.<br><br>КРЕИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЦА<br>Младинскиот центар преку програмата ќе обезбеди безбедна и поддржувачка средина каде што младите можат воспоставуваат и развиваат позитивни врски со персоналот и нивните врсници и ќе креираат една заедница каде што ќе се осеќаат дека се прифатени какви што се и каде ќе имаат слобода да се изразуваат и да креираат. |
| Заштита и безбедност | *(Накратко објаснете како ќе се осигурате дека лицата вклучени во спроведувањето на активностите и корисниците нема да бидат директно изложени на ризици по здравјето и безбедноста и ќе делуваат согласно насоките за заштита на животната средина, одржливо и одговорно користење на реусрсите)*<br><br>Административниот и програмскиот тим што ќе работи во младинскиот центар се состои од сертифицирани младински работници, кои ќе бидат одговорни да грижат за заштитата и безбедноста на сите лица кои ќе бидат вклучени во активностите на младинскиот центар и кои ќе постават безбедносни протоколи за работа. Воедно, програмата за активности на центарот е креирана на начин што ќе негува прифатливо однесување, јазик и активности за да обезбеди безбеден простор за персоналот и младите, и емотивно и физички. Ќе биде создаден амбиент каде што сите кои ќе присуствуваат на активностите ќе се чувствуваат добредојдени и ќе ги ценат нивните мисли, нивните мислењата се почитуваат и се третираат со достоинство.<br><br>Безбедносните правила и протоколи за работа:<br><br>Сите млади ќе се чувствуваат добредојдени, поддржани и безбедни.<br>Креирање на охрабрувачка средина каде младите ќе ги почитуваат правата и изборот на другите.<br>Членовите на работниот тим се обучени за приватност и доверливост.<br>Членовите на работниот тим ја разбираат динамиката на групата и како да создадат безбедна средина за младите да разговараат за чувствителни теми.<br>Не се толерираат физичко и сексуално вознемирување, насилство и малтретирање.<br>Работниот тим знае како да ги препознае, спречи и проактивно да ги решава конфликтите меѓу младите.<br>Работниот тим ќе поставува основни правила и очекувања за младите да создадат култура заснована на доверба и предвидливост.<br>Активностите ќе бидат соодветни на возраста на учесниците. |

| | | |
|---|---|---|
| | Персоналот е обучен и способен проактивно и подеднакво да ги ангажира младите кои се тивки и повлечени, позитивно ангажирани и дејствуваат.<br>Програмата ќе обезбедува можности за младите да комуницираат позитивно меѓу себе преку структурирани и неструктурирани активности.<br>Членовите на работниот тим ќе моделираат здрави односи и ќе ги поддржуваат младите во развојот на позитивни односи.<br><br>Покрај грижата за младите посетители на центарот, работниот тим на младинскиот центар е обучен за одржливо користење на ресурсите на младинскиот центар и сите активности кои ќе бидат спроведени ќе се спроведуваат со минимално користење на ресурси, пластика и енергија, кај младите ќе се поттикне одржливото размислување и заштита на животната средина. Материјалите што ќе се набавуваат за работа ќе бидат рециклирани и ќе се рециклира отпадот, ќе се минимизира употребата на пластика, заменувајќи ја со биоразградливи материјали, набавените материјали ќе се употребуваат повеќе пати и ќе се промовира апциклирање на искористените материјали во центарот. | |
| Буџет | I Човечки ресурси | 600 000 денари |
| | II Оперативни трошоци | 444 000 денари |
| | III Директни трошоци | 386 000 денари |
| | **Вкупно (I+II+III)** | 1 430 000 денари |
| Барање за грант (во денари) | 1 300 000 | |
| Кофинансирање (во денари) | (ако е применливо) | |
| Вкупен буџет на проектот (во денари) | 1 430 000 денари (барање за грант + ако е применливо, кофинансирање) | |
| | | |

**Младински центар:** Младински Центар на Општина Битола

| Интервентна логика | | Показатели | Инструменти и извори за проверка на показателите | Претпоставки |
|---|---|---|---|---|
| **Општа цел** | Поддршка на личниот и социјален развој на младите во Битола и нивна активна вклученост во животот на заедницата. | -Исполнети специфични цели на програмата преку планираните активности<br>-Исполнет бројот на планирани вклучени млади, стручни лица во активностите | Поднесениот завршен извештај со прикачени интрументи со кои се следеле индикаторите (листи на кои се евидентирало бројот на реализирани активности, опфатени лица со програмата, разлика пред и после).<br><br>Дополнителни пропратни документи и докази кои одат во прилог со извештајот. | Соработка со основните, средните училишта и факултетите во Битола, како и со останати јавни институции и стручни лица релевантни за младите .<br><br>Олеснети мерки за групно работење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Специфични цели** | - СЦ1: Организирање на слободното време на младите<br><br>- СЦ2: Овозможување на простор и поттикнување на уметничко изразување на младите<br><br>- СЦ3: Развој на личните компетенции на младите и претприемничкиот дух<br><br>- СЦ4: Поддршка на менталното здравје и промовирање на здрави животни навики<br><br>- СЦ5: Промоција и информирање на младите за учество во локални, регионални и | **Дружење и социјализација во однапред определени термини**<br>Спортско-рекреативни активности<br>Активности во природа<br>Одбележување значајни празници и интернацинални дати<br><br>**Арт работилници** - создаден простор и алатки кои овозможуваат слободно уметничко изразување на младите<br><br>Младите активно се вклучени во: **Работилници/дискусии** за подобрување на своите знаења за себе, со совети од стручни лица од областа на кариерно советување, психолози или професори од стручни училишта, како и за развој на претприемништвото, како и користење на AI алатки за личен и професионален развој на младите<br><br>Младите и стручните лица од образовните институции (психолози, педагози, социјални работници) активно соработуваат на **работилници/дискусии/инфо сесии** за поддршка на менталното здравје; како и во едукативни работилници за здрави животни навики (како планинарење, готвење на здрава, локална храна, јога и медитација)<br><br>Младите активно се вклучени во различните **инфо сесии/ презентации** за информирање за можностите за учество во активности и | Списоци на млади учесници кои учествувале за секоја работилница, дискусија, презентација, инфо-сесија, акција.<br><br>Документи за соработка со други институции или експерти на увид<br><br>Фотографии од спроведените активности.<br><br>Кратки видеа од спроведени активности. | *Кои надворешни услови се неопходни за остварување на цалите*<br><br>Доволно средства во буџетот<br><br>Отвореност за соработка на основните, средните училишта и факултетите во Битола, како и со останати релевантни јавни институции и стручни лица за младите .<br><br>Достапност на просторот за групно работење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | интернационални можности за неформално образование за млади<br><br>- СЦ6: Зајакнување на еколошката свест кај младите и промовирање на чиста животна средина<br><br>- СЦ7: Зајакнување на активното граѓанство кај младите, подигнување на свеста за нивните права и одговорности<br><br>- СЦ8: Зајакнување и промовирање на волонтерството кај младите и градење на капацитети за волонтерски менаџмент кај младите. | програми за млади на локално, регионално и интернационално ниво.<br><br>Младите активно се вклучени во **работилници** со совети, едукации и во **акции** за зачувувањето на еколошкиот живот во Битола<br><br>Младите активно се вклучени во едукативни **работилници** за активно граѓанство, активизам, младинско учество и човекови права<br><br>Младите активно се вклучени во **волонтерски акции** и се мотивирани да организираат **кампањи** за волонтерство во Битола. Младите се со изградени капацитети за волонтерски менаџмент. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | - Р1 Младите луѓе имаат стекнато поголема самодоверба и развиено позитивни социјални релации со други млади од нивната заедница<br><br>- Р2 Младите луѓе имаат стекнато поголема самодоверба во себе низ разните начини на креативно изразување<br><br>- Р3 Младите луѓе ги имаат развиено своите лични компетенции и претприемнички дух<br><br>- Р4 Институциите и стручните лица во Битола даваат поддршка на младите за ментално здравје, младите се подучуваат на здрави животни навики<br><br>- Р5 Младите луѓе се информирани за можностите за учество во локални, регионални, национални и интернационални активности и програми за млади | Најмалку 300 млади активно вклучени во организираните активности во слободното време.<br><br>Најмалку 200 млади активно вклучени во организираните активности за уметничко изразување<br><br>Најмалку 200 млади вклучени во активностите за подобрување на своите знаења за себе, најмалку 2 стручни лица од областа на кариерно советување/ претприемништво од стручни училишта вклучени во реализација на оваа СЦ.<br><br>Најмалку 300 млади и најмалку 2 стручни лица од образовните институции (психолози, педагози, социјални работници) вклучени во реализација на програма за поддршка и информирање за ментално здравје на младите, како и во различни активности за подучување и практикување на здрави животни навики<br><br>Најмалку 300 млади вклучени во различни активности за информирање за можностите за учество во активности и програми за млади. | | *Кои услови треба да се задоволат за да се постигнат планираните резултати ?*<br><br>Достапност на локацијата (да не е зафатена со други активности кои не се немаенети за млади), доволно средства за реаизација на активностите, доволно кадар за да ги организира и спорведе активностите.<br><br>Можност за соработка со основните, средните училишта и факултетите во Битола, како и со останати релевантни за младите јавни институции и стручни лица.<br><br>Можност за работење во група. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - Р6 Младите луѓе имаат развиено поголема свест за екологијата и за значењето во вклучување во еколошки акции.<br>- Р7 Младите луѓе се активно вклучени во процеси и активности во нивната заедница.<br>- Р8 Младите луѓе се активно вклучени во волонтерски акции и активности во нивната заедница и дел од нив се обучени за волонтерски менаџмент. | Најмалку 200 млади вклучени во зачувувањето на еколошкиот живот во Битола<br>Најмалку 200 млади едуцирани за активно граѓанство, активизам, младинско учество и човекови права<br>Најмалку 300 млади вклучени во волонтерски акции и во промотивна кампања за волонтерски вредности. Најмалку 30 млади се обучени за волонтерски менаџмент. | | |

| Активности | | Потребни ресурси | Предуслови неопходни за спроведување на активностите |
|---|---|---|---|
| | **A1**<br>A1.1 Средби за одбележување на празници/меѓународни денови, интеркултурни вечери и други слободни теми од интерес на младите<br>A1.2. Спортско-рекреативни активности и игри во затвроен простор како пинг понг, друштвени игри/ board games и сл.<br>A1.3 Активности во природа (пешачење, творење во природа)<br><br>**A2**<br>Уметнички активности - цртање, музика, филмски вечери, дебатно кино, концерти, перформанси, мурали, танцови работилници, работилници за театар, фотографија, кинематографија, дигитална уметност, литература и слично.<br><br>A2.1 Одржување на редовни состаноци на музички клуб<br><br>A2.2 Одржување на редовни состаноци на уметничкиот клуб<br><br>**A3**<br>A3.1 Обуки и советувања од стручни лица за кариерни можности и претприемништво.<br>A3.2 Едукативни работилници за развој на меки и други вештини неопходни за пристап до/успех на | Човечки ресурси - професионалци за насоки при планирање и за спроведување на работилници<br><br>Потрошни материјали за спроведување на активностите<br><br>Финансиски ресурси за блиски патувања<br><br>Просторни услови за реализација на активностите, можности за растење и за складирање на материјали<br><br>Изнајмување на простории за активности што се случуваат надвор од младинскиот центар<br><br>Техничка опрема за реализација на активностите (компјутери, проектор, видео камера, фото апарат, цртачка/музичка опрема)<br><br>Финансиски средства за печатење на промотивни материјали | Неможност младите да се појават на планираните активности.<br><br>Неможност за соработка со основните, средните училишта и факултетите во Битола, како и со останати јавни институции и стручни лица релевантни за младите .<br><br>Неможност за групно работење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | пазарот на трудот.<br>А3.3 Советување за професионална ориентација според методологијата ProfilPASS<br>А3.4 Можности за практикантска работа<br>А3.5 Работилници за употреба на AI алатки за личен и професионален развој на младите<br><br>**А4** Обуки, советувања и менторство на младите од стручни лица за менталното здравје и практикувањето на здрави животни навики во секојдневието<br><br>А4.1Обуки за планинарење, биодиверзитет и реализирање на прошетки во НП Пелистер<br>**А5**<br>А5.1.Активности за промоција на центарот (фб страна, веб страна, инстаграм)<br>А5.2.Средби за информирање за законот за млади и можностите кои ги нуди<br>А5.3. Активности за информирање и промоција на Еразмус+, ЕСЦ и други програми и можности за учење за младите на локално и регионално ниво<br><br>**А6.** Програма за екологија (спроведување акции, предавања, дискусии и сл. кои се реализираат на тема екологија) | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | А6.1 Формирање на еко клуб<br><br>**А7.** Учество и спроведување на активности (инфо средби, панел дискусии, разговори и сл.) на тема граѓански активизам, младинско учество, промоција на човекови права и сл.<br><br>**А8.** Поттикнување и спроведување волонтерски акции во локалната заедница / земање про-активно учество во волонтерски акции. | | | |

| Трета година[3] | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А1<br>слободно време | | | | | | | | | | | | |
| А2<br>арт работилници | | | | | | | | | | | | |
| А3<br>кариерно | | | | | | | | | | | | |
| А4<br>здрави навики | | | | | | | | | | | | |
| А5<br>пи-ар/ еразмус | | | | | | | | | | | | |

[3] Ако е потребно, додадете повеќе редови

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А6<br>еко | | | | | | | | | | | | |
| А7<br>граѓански<br>активизам | | | | | | | | | | | | |
| А8<br>волонтерство | | | | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| Битола 26.12.2024 год.<br>(Место) (датум) | Милчо Дули, Претседател<br>(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата) |
| | М.П<br>______________________________<br>(Потпис) |

Општината Битола на седницата одржана на 28.02.2022 година, донесе

## ОДЛУКА
### за давање согласност за сместување на Младински центар Битола во простории сопственост на општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола дава согласност за сместување на Младинскиот Центар Битола во просториите на УЗ „Вељко Влаховиќ„Битола запишани во имотен лист 95154 КО Битола 3 во сопственост на општина Битола како КП.бр. 16577 на ул. Крушевска бр.5 на кат К 1 со намена на зграда Б4-6 со површина 118м2

Во горенаведените простории предмет на оваа одлука, Младинскиот Центар Битола ке биде сместен за период од 5 (години) години.

**Член 2**

Младинскиот центар Битола ќе се формира како место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благостостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за Младинско учество и младински политики.

**Член 3**

За работа на Младинскиот центар Битола се обезбедени финансиски средства од Буџетот на општина Битола за 2022 година.

Исплатата на финансиските средства ќе се врши врз основа на доставената годишната програма за работа на Младинскиот центар.

**Член 4**

Висината на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола за 2022 година е во процентуална вредност од 50% до 70% од потребните средства за реализација на поднесената програма за работа на Младинскиот центар Битола, но не повеќе од 300 000,00 денари.

**Член 5**

Општина Битола преку Јавен повик кој што ќе биде објавен на WEB страната на општината, на транспарентен начин ќе изврши избор на младинска организација или организација за млади регистрирана во Централен регистар, која ќе раководи и управува со Младинскиот центар Битола за период од 5 години.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Битола.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-26/12 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 28.02.2022 г. | на Советот на Општината |
| Битола | Габриела Илиевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
### за објавување на Заклучокот за не усвојување Годишната Програма за работа на ОЈУ Зоолошка Градина Битола за 2022 година

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Годишната Програма за работа на ОЈУ Зоолошка Градина Битола за 2022 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.02.2022 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-227/11 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 03.03.2022 год. | на Општината Битола, |
| Битола | Тони Коњановски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21),

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со член 22 од Законот за Младинско учество и младински политики (Сл. Весник на РСМ 10/20), и Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри бр.12-923/1 од 07.04.2021 година донесен од Агенција за млади и спорт, Советот на Општина Битола на седницата одржана на 15.08.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за дополнување на одлуката за давање согласност за сместување на Младински центар Битола во простории на општина Битола

**Член 1**

Во Одлуката за давање согласност за сместување на Младински центар Битола во простории на општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.3/22), во член 1 став 1 зборовите „КП.бр.16577 на ул. Крушевска бр.5 на кат К 1 со намена на зграда Б4-6 со површина 118м2" се заменуваат со зборовите „КП бр.16577, на ул. Крушевска бр.5, КО Битола 3, зграда 1, влез 2, сутерен со вкупна површина од 104 м2 и зграда 1, влез 2, кат 1 со вкупна површина од 104 м2, со намена на зграда Б4-6".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-140/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.08.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 15.08.2022 година.

Бр. 08-900/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.08.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16 и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21) и член 22 точка 26 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/2005, 17/2008, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.08.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општината Битола

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" број 9/2005, 20/2007, 17/2008, 14/19 и 8/21), во член 2, во тарифниот број 1 точката в) се менува и гласи:

„в) деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите 5.000 ден.,

– освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 2.000 ден.

1. СЕ УСВОЈУВА Акцискиот план на локален економско-социјален совет на Општина Битола 2019/2022

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-36/62 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.04.2023 г. на Советот на Општината
Битола Марица Тодоровска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Битола за 2023-2027 година

Се објавува на Заклучокот за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Битола за 2023-2027 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 20.04.2023 година со продолжение на ден 24.04.2023 година.

Бр. 08-602/61 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.06.2023 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.04.2023 година со продолжение на ден 24.04.2023 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување Локална стратегија за млади на Општина Битола за 2023-2027 година

1. СЕ УСВОЈУВА Локална стратегија за млади на Општина Битола за 2023-2027 година

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-36/63 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.04.2023 г. на Советот на Општината
Битола Марица Тодоровска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Акцискиот план 2023-2024 година кон Локалната стратегија за млади

Се објавува на Заклучокот за усвојување на Акцискиот план 2023-2024 година кон Локалната стратегија за млади, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 20.04.2023 година со продолжение на ден 24.04.2023 година.

Бр. 08-602/62 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.06.2023 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.04.2023 година со продолжение на ден 24.04.2023 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување Акцискиот план 2023-2024 година кон Локалната стратегија за млади

1. СЕ УСВОЈУВА Акцискиот план 2023-2024 година кон Локалната стратегија за млади

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-36/64 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.04.2023 г. на Советот на Општината
Битола Марица Тодоровска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

Локална стратегија за млади

# на Општина Битола

**Битола**

**април, 2023**

СОДРЖИНА


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ....4

ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА....6

1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА....8

2. СТРАТЕШКА РАМКА....22

2 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ....33

3 МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА....35

4 КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ....36

5 АКЦИСКИ ПЛАН СО ИНДИКАТИВЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН (2023 година)....38

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ЕЛС – Единица на Локална самоуправа
ОС – Општински Совет
ЛИ – Локални институции
ГО – Граѓански организации
ВОИ – Високообразовни институции
ОИ – Образовни институции
АВ – Агенција за вработување
СОУ – средно општинско училиште
ЛМС – Локален младински совет
КИЦ – Културно-информативен центар
РГ – Работна група
МЦ – Младински центар
ИТ – Информатичка технологија
ЕУ – Европска Унија
МЗ – Месна заедница
ИПАРД – Инструмент за претпристапна помош за рурален развој
ЗМУМП – Закон за младинско учество и младински политики

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Една од најважните обврски на секое општество е градење на систем во кој ќе бидат интегрирани  младите лица како и создавање на механизми за искористување на нивниот иновациски и креативен капацитет.  Младите лица се енергетскиот импулс на секое општество и имаат суштинска општествена улога бидејќи преку нивната вклученост во креирањето и имплементирањето на јавни политики се обезбедува континуиран економски и социјален развој на заедницата.

Имајќи ја во предвид комплексноста на предизвикот за градење општество на млади и за млади, Општина Битола го отпочна процесот на стратешко планирање за нивна интензивна интеграција во локалната заедница во наредните 5 години. Конкретно, со нивно вклучување во изработката на Стратегијата за млади на Општина Битола, младите директно учествуваа во креирањето на локални политики.

Стратегијата за млади на Општина Битола 2023 – 2027 година, беше подготвена во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Подготовката на оваа стратегија беше поддржана во рамките на Проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“, финансиран од Европската Унија. Проектот го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со СОС Детско Село, Волонтерски Центар Скопје и Женски Форум Тетово. При процесот на креирање на стратегијата, експертска поддршка обезбеди консултантската компанија „Стратешки Менаџмент Системи“.

Стратегијата за млади беше изработена по претходно усвоена методологија за начинот и методите во процесот на планирање како и поставена стратешка рамка со зададени области на интервенција кои беа интегрално преземени од Националната стратегија за млади за периодот 2023 - 2027 со цел да се обезбеди усогласеност со националните стратешки определби.

Процесот отпочна со консултативни средби со претставници на носителите на јавни политики во Општина Битола на кои беа дефинирани засегнатите страни на локално ниво како и националните институции кои имаат влијание и надлежност врз политиките за млади. Беа дефинирани учесниците во Фокус групата и Работната група, а се реализираа и интервјуа со службеникот за млади и Секретарот на Општината како и со Претседателот на Локалниот Младински Совет при Општина Битола.

Во процесот на изработка на Стратегијата за млади се направи сеопфатно истражување, примарно (кое се реализира преку онлајн прашалници) и секундарно, при кое се консултираа сите важечки  стратешки документи релевантни за младите на локално и национално ниво како и насоките од Стратегијата за млади на ЕУ. Беа одржани и 3 работилници за планирање со широка вклученост на локалните чинители при што се утврдија конкретни цели и предлог мерки и активности. Во рамките на стратешкото планирање беше изработен и едногодишен

Акциски план за 2023 година, во кој се дефинирани конкретни проекти и активности за достигнување на резултатите во секоја од зададените цели во Стратегијата.

Стратегијата во своите клучни делови дава детална анализа на наодите од истражувањето и сумарна анализа на информациите добиени од засегнатите страни. Препораките за подобрување на состојбата на младите во општина Битола се презентирани во делот Стратешка рамка за периодот 2023 – 2027 година, во кој се дефинирани целите, резултатите и мерките во сите идентификувани 8 области за интервенција: младинско учество, младинско информирање, младинска работа, образование, култура и спорт, здравје, претприемништво и поддршка при вработување и безбедност.

Во Стратегијата е презентирана и анализа на детектираните закани по успешното имплементирање на мерките од аспект на веројатност и влијание при што се понудени и мерки за надминување на заканите со назначена одговорност за засегнатите страни. Претставени се и основните принципи за мониторинг и евалуација како и генерални насоки за комуникациската стратегија на Општината како носител на овој јавен документ. Општината дополнително ќе изработи План за мониторинг и евалуација како и План за комуникација на Стратегијата во кој ќе се опфатат обврските и временската рамка за делување на секоја од засегнатите страни.

На крајот, како интегрален дел од Стратегијата е претставен и Акциски план за периодот 2023 – 2024 во кој се презентирани активности со индикативна финансиска конструкција (предлог буџет) како и одговорните субјекти за реализација.

Разбирливо, имплементацијата на Стратегијата за млади мора да биде во тесна соработка и координација со различни институции и организации од локално и национално ниво со цел максимизирање на влијанието, одрживост на резултатите и навремено реализирање на предвидените активности за мерливо подобрување на состојбата на младите во Битола.

Впрочем, постигнувањето на **целта на Стратегијата за млади: „Активно вклучување на младите во сите сфери на живеење на локално ниво, унапредување и зајакнување на нивните капацитети и нивно мотивирање преку конкретни мерки за младински активизам и зајакнато учество во процесите на донесување одлуки“** е возможно само во синергија на системот со младите.

# ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА

Битола е синоним за космополитски град во кој е обединета европската естетика на живеење, стремежот кон новото и модерното со источната филозофија за меѓусебна почит, чест и хуманост.

Историски, овие обележја се должат на големината и значењето што Битола ја имало на почетокот од 20-тиот век кога бил најголемиот град на Балканот после Солун, но можеби и затоа што Битола низ своите развојни фази е една од најуспешните синтези на пацифизам и разбирање помеѓу различните етнички групи и секако, архитектонските достигнувања што битолчани ги подигнале со желба да докажат дека Битола е град на светот и по ништо не заостанува од големите европски урбани центри. Доказ за тоа се и конзуларните претставништва на странските земји кои покрај Амбасадите лоцирани во Скопје, и денес имаат свои Конзули во Битола.



Денес, општина Битола е административен, економски и образовен центар во Пелагонискиот регион која согласно пописот од септември 2021 година, брои население од 85 164 жители или 10 221 жител помалку во споредба со претходниот попис од 2002 година, кога во градот Битола и 65-те села имало 95 385 жители.

Како и според претходниот попис, Општина Битола е повторно втора најголема општина во земјата после Куманово. Во однос на половата структура, во Општина Битола живеат 43 319 жени и 41 845 мажи, односно жените се за 1 474 побројни од мажите.

Битола е сместена во Пелагониската котлина, во подножјето на Баба Планина односно под



најстариот Национален Парк на Балканот – Пелистер; на запад граничи со Општина Ресен, на југ е државната граница со Грција додека на исток и североисток општина Битола се граничи со Општина Новаци и Општина Могила, а на север со Општина Демир Хисар. Низ општината тече река Црна, додека низ центарот на градот, реката Драгор. Општината ја сочинуваат урбаниот центар, градот Битола и 65 рурални населени места односно селата: Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково, Велушина, Габалавци, Гопеш, Горно Егри, Горно Оризари, Граешница, Дихово, Доленци, Долно Егри, Долно Оризари, Драгарино, Драгожани, Драгош, Древеник, Ѓавато, Жабени, Злокуќани, Кажани, Канино, Карамани, Кишава, Кравари, Крклино, Кременица, Крстоар, Кукуречани, Лавци, Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Магарево, Маловиште, Метимир, Меџитлија, Нижеполе, Ново Змирнево, Облаково, Олевени, Оптичари, Орехово, Острец, Поешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино, Свиниште, Секирани, Снегово, Средно Егри, Српци, Старо Змирнево, Стрежево, Трн, Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец.

Во градот и селата живеат 13 320 млади луѓе на возраст од 15 до 29 годишна возраст. Бројната разлика во оваа демографска категорија е значителна во споредба со Пописот на населението на Битола од 2002 кога во општината живееле 20 665 млади лица.

Битола е центар на Универзитот „Св.Климент Охридски" кој го сочинуваат 10 факултети, висока медицинска школа и научен институт за тутун како редовни единици од кои во 2021 година дипломирале 664 студенти на додипломски студии, и дополнително 5 придружни членки меѓу кои и Универзитетска библиотека. Битола има повеќе институции од културата, театар, центар за култура, културно-информативен центар, кино и музеј кои континуирано нудат квалитетни содржини за сите возрасни групи население.

Во општината работат повеќе аматерски спортски клубови а спортот е важен аспект на живеењето во Битола исто како и културата. Боите на спортска Битола, зелено-бела, гордо ги носат и спортистите и навивачите, популарните битолски чкембари.

Градоначалник на Општина Битола е Др. Тони Коњановски кој беше избран на последните локални избори во 2021 година. Со Советот на Општина Битола претседава Габриела Илиевска.

Во општина Битола е формиран Локален Младински Совет составен од 9 члена и е назначено лице за соработка со младите односно Службеник за млади.

# 1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## 1.1. Анализа на младински потреби

Со цел да се добијат релевантни податоци за потребите на младите луѓе и младинските трендови во општина Битола, во текот на октомври 2022 беше реализирано примарно истражување. Конкретно, процесот отпочна со консултации односно интервјуа со претставници на општинската администрација со цел утврдување на прецизна слика за стратешките определби на општина Битола во однос на состојбите со младите. Се спроведоа интервјуа со службеникот за млади, секретарот на општината како и претседателот на локалниот младински совет. Општината изрази силна подготвеност за унапредување на состојбите на младите во Битола притоа издвојувајќи неколку инфраструктурни објекти во областа на спортот кои ќе бидат реализирани во 2023 година но истовремено се увиде дека буџетот за млади кој Општината го алоцирала во минатите 4 години не се реализирал воопшто додека во тековната 2022 година од предвидени 600.000,00 денари се искористиле само 180.000,00 денари наменети за ко-финансирање на процесот за изработка на Стратегијата за млади. Општината дополнително информира дека за 2023 година во буџетот се предвидени 1.600.000,00 денари за реализација на активности за млади, што иако е далеку под законски пропишаниот износ од 0,1 % од општинскиот буџет, сепак претставува речиси тројно зголемување на средствата во однос на 2022 година.

Беше спроведено и истражување со фокус група со 17 млади лица од кои 2 претставници на политички подмладоци, 3 претставници на локални институции (Центар за култура, СЗР, КУЦ), 3 претставници на студентската организација при УКЛО, 4 средношколци, 1 претставник од Локалниот младински Совет, 1 службеник за млади од ЕЛС Битола и 3 претставници на ГО. Целта на фокус групата беше да се дефинираат проблемите со кои младите се соочуваат во своите локални заедници, да се изберат приоритети и да се посочат предлог остварливи решенија. Учесниците генерално се задржаа на проблемот со пасивноста и многу малата вклученост на младите во општествените процеси како и нивната недоверба во властите како на национално така и на локално ниво.

Се реализира и електронска анкета со цел испитување на мислењето на поголем број млади лица од општина Битола. Прашалникот се состоеше од вкупно 48 прашања и истиот беше наменет за млади лица на возраст од 15-29 години од општина Битола, вклучувајќи прашања од 8-те приоритетни области за Стратегијата.

Електронскиот прашалник беше одговорен од 415 испитаници од кои 162 од машки пол или 39 % и 248 од женски пол односно 60 % (мал дел на испитаници не селектираше опција за пол). Мнозинство од испитаниците се лица од македонска етничка припадност (91 %), додека 4,59 % од испитаниците се млади лица од албанска етничка припадност, по што следат другите националности. Возрасната структура која беше опфатена во анкетата е согласно категоризацијата според Законот за младинско учество и младински политики каде младите лица се определени на возраст од 15 до 29 години.

Од направените анализи може да се извлечат соодветни заклучоци за тоа кои се потребите на младите во Општина Битола. Индикативен е податокот дека најголем дел од испитаниците коишто во моментов не се вклучени во образовниот процес се невработени (86,84 %), но високи 75,56 % од одредени причини во моментов не се активни баратели на работа.

Аналогно на податокот за неактивни баратели на работа, на прашањето како го користат своето слободното време, мнозинство од испитаниците одговориле дека најчесто слободното време го користат за кафе со пријателите (29,40 %), по што следува опцијата спортски активности со 28,43 % од одговорите, а речиси една четвртина од испитаниците слободното време го минува на социјалните мрежи. Многу мал процент на испитаници во слободното време се активираат во младински клубови (само 0,72 %) и граѓански организации (само 2,17 %). Од наведените параметри може да заклучиме дека на младите луѓе во општината им недостигаат конкретни мерки за мотивираност и вклученост во заедницата. За пасивниот однос на младите зборува и податокот од истражувањето во кое впечатлив е процентот на вклученост во граѓанскиот сектор, според кој околу 2/3 од испитаниците никогаш не членувале во граѓанска/младинска организација, а само 11,57 % од испитаниците одговориле дека членуваат во таква организација во моментов, но, ако се земе предвид дека само 2% од испитаниците на претходното прашање одговориле дека во слободно време се вклучени во активности во граѓанскиот сектор, се претпоставува дека добар дел од младите само формално членуваат во некоја организација, без значителен ангажман во истата во слободното време. Една од причините за слабиот интерес за граѓанскиот сектор во Општина Битола веројатно е и малиот број на активни граѓански организации, како и комплексниот и долг административен процес кој претходи при соработката на средните училишта и факултетите со граѓанските организации, односно голем број иницијативи за активности со млади не се реализираат бидејќи средните училишта и факултетите се тешко достапни за соработка.

И покрај недостигот на интерес за учество во младински и/или граѓански организации, нешто повеќе од половина од младите испитаници изјавиле дека имаат волонтирано за некоја општествено корисна цел.

Ваквиот наод противречи со ставовите на учесниците на фокус-групата, кои сметаат дека младите ретко се вклучуваат во волонтерски активности поради неинформираност за можностите за волонтирање. Контрадикторноста на овој наод може да е резултат на слабата промоција/видливост на младите волонтери, нивна волонтерска активност да се реализира во затворени кругови или некоја друга причина. Интересен е наодот од истражувањето за најчестите причини за неучество на младите во општествено корисни иницијативи: како најчест одговор со 58,31 % беше дека младите не се заинтересирани за граѓански ангажман, и дека не се информирани за можностите и условите за таквиот ангажман. Може да заклучиме дека кај младите недостигаат модели на информираност и дисперзија на информации како и можности за вклученост во општествено корисни иницијативи.




Графикон 1. Најчести причини за пасивност на младите

Покрај предложените одговори, во анализата испитаниците додале дека граѓанските организации не се доволно промовирани и доколку тие би се промовирале преку училиштата, учениците би се запознале со нивното делување и би можеле да донесат информирана одлука дали да се зачленат.

Во однос на вклученоста на младите во донесувањето одлуки на локално ниво, мнозинство од испитаниците не знаат дали младите се вклучени, додека само 15,66 % сметаат дека младите се активно вклучени во процесите на одлучување. Тоа е индикатор дека младите веројатно не се доволно информирани за разните форми на младинска вклученост во процесите на носење на одлуки во локалната самоуправа, ниту пак се информирани колку нивните врсници истите ги користат. Од тука произлегува фактот дека потребен е систем од активности преку кој ќе се пренесуваат информации до младите. Во овој систем од активности треба да се обезбедат информации кои се однесуваат на младите, а се обезбедени од институции кои се наоѓаат на централно и на локално ниво и функционираат во синергична врска помеѓу институциите и младите, младите со младите како и младите за институциите.




Графикон 2. Ставови за односот на општината кон младите

Од анализата може да се констатира дека голем број од младите испитаници (38 %) сметаат дека општината не одвојува доволно финансиски средства за поддршка на младите. Од друга страна, 72 % од испитаниците потполно или делумно се согласуваат дека општината нуди можности за волонтирање, и можност за вклученост на младите.

Само 6 % од испитаниците потполно се согласуваат дека возрасните во општината имаат доверба во младите за да ги вклучат во носењето на одлуки, додека 27 % воопшто не се согласуваат со дадената изјава. Околу исказот за можноста да се влијае на работата на општината и да се бара одговорност, ставовите на младите се поделени, односно 57 % одговориле дека делумно или потполно се согласуваат, додека 44 % делумно или воопшто не се согласуваат.

Само 3 % од испитаниците потполно се согласни дека локалната самоуправа ги знае и ги разбира грижите на младите, а најголем дел од испитаниците (42 %) делумно се согласуваат со ваквото тврдење.

Покрај прибирањето на влезните податоци преку електронската анкета, интервјуата и фокус групата, процесот на изработка на Стратегијата опфати и 3 работилници за планирање на кои учествуваа претставници од локалните и национални институции, граѓански организации како и претставници од бизнис заедницата по претходна потврдена номинација а истите се одржуваа во просториите на Млади Хаб во Битола.

### 1.2. Профил на млади во Општина Битола

Профилирањето на младите во општина Битола се спроведе во текот на втората работилница при што се работеше на одредување на различните категории млади во општината преку утврдување на нивните карактеристики и предизвици со кои се соочуваат различните групи. Беа утврдени 10 подгрупи млади кои се разликуваат по своите карактеристики, големина, потреби, потенцијал како и предизвици со кои се соочуваат без притоа да се очекува дека нема преклопување на младите во различните подгрупи. Конкретно, во општина Битола младите можат да се поделат во следните подгрупи: млади во средните училишта, НЕЕТ млади (млади кои не се вработени, не се во образовен процес ниту се во процес на обука), млади со посебни потреби, студенти, вработени, проактивни млади, невработени млади, млади од рурални средини , спортисти и млади во социјален ризик.

Заедничка карактеристика на младите од повеќето подгрупи, со исклучок на проактивните млади и спортистите, е од ниската заинтересираност за вклучување во општествените процеси до целосна пасивност кај средношколците и апатија кај младите невработени лица. Истовремено, беше утврдено дека високиот процент на НЕЕТ млади во Битола како подгрупа која се карактеризира со целосно отсуство од системот на државата, односно не се регистрирани ниту како баратели на работа ниту пак како невработени, можеби се должи на трендот на „фриленсерска" онлајн работа кој е значително висок во општината, односно голем број од младите кои се водат како невработени всушност работат, најчесто за странски компании, во домашни услови по електронски пат.

Средношколците како подгрупа се технолошки напредни и иновативни но значително или воопшто не се информирани за можностите за вклучување или пак тие можности за нив се недоволно атрактивни. Дополнително, студентите иако се карактеризираат со висок степен на заинтересираност за личен развој многу малку се ангажираат за развој на средината во која живеат и се неинформирани за можностите за младинска работа. Генерален заклучок е дека на младите во општина Битола од подгрупите средношколци, студенти, и донекаде млади вработени им недостигаат информации за нивно вклучување кои треба да им се пренесат на, за нив, препознатлив начин на комуникација (со користење на новите технологии и онлајн комуникации) како и активности кои го отсликуваат нивното време и се атрактивни за нивно вклучување.

Од друга страна, подгрупата проактивни млади се соочува со презафатеност и вклученост во мнозинството иницијативи за млади во општината независно од областа, додека истовремено за оваа категорија млади има ограничена понуда на атрактивни работни места и можности за професионално ориентирање и кариерно советување. Блиски карактеристики со оваа подгрупа имаат и спортистите кои се одликуваат со висока мотивираност за личен успех, здрав живот и амбиции за кариера но им недостига современа спортска инфраструктура достапна во текот на цела година како и наставен кадар кој ќе ги води до професионално ниво на спортски ангажман.

Подгрупите кои се карактеризираат со помалку можности како млади невработени и млади од рурални средини се соочуваат со социјална исклученост заради економски и социјални причини, односно младите невработени кои подолго време се без работа не се во тек со

вештините и знаењата кои се бараат на пазарот на труд, се финансиски зависни и со пониска самодоверба. Младите од руралните средини немаат пристап до содржини од културата во местата каде што живеат и немаат можности за неформално образование и личен развој и се високо мотивирани да мигрираат од село во град.

Младите во социјален ризик и младите со посебни подгрупи се најзагрозени категории бидејќи традиционално, општеството ги маргинализира заради предрасуди од една страна а од друга, нема капацитети да ги вклучи во образовниот систем во целост и да и им обезбеди соодветна финансиска и социјална поддршка.

Заеднички предизвик кој се забележува речиси кај сите подгрупи е недостигот на механизми за нивно вклучување, информирање и поттикнување на проактивност како и недоволно атрактивни активности на локално ниво релевантни на нивните интереси. Од друга страна, забележлив е потенцијалот на средношколците, студентите, проактивните млади и спортистите за вклучување во локалната заедница кој е условен од недоволниот ангажман на наставниот кадар, ниската соработка на образовните институции со граѓанскиот сектор и недостигот на соодветна инфраструктура.

### 1.3. Анализа на политички, економски, општествени, правни, технолошки и еколошки фактори (PESTLE)

Работната група ги идентификува и надворешните фактори кои влијаат врз состојбата на младите при што фокусот беше ставен врз определување на фактори кои имаат вистинско позитивно или негативно влијание на локално ниво односно целта беше да се определат факторите кои имаат клучно влијание врз младинските трендови во наредните 5 години.

Генерален заклучок од анализата е дека **политичките** фактори имаат поголемо негативно од позитивно влијание заради партизацијата и политизацијата на институциите, корупцијата и непотизмот и истите се повторуваат и на национално ниво а додека позитивни фактори кои се идентификувани на локално ниво се интензивираните процеси за вклучување на младите во работењето на Општината преку исполнување на обврските од законот за младинско учество и младински политики како и општиот консензус во локалниот Општински Совет меѓу партиите за проекти за млади. Главните негативни **економски** фактори кои ја уназадуваат состојбата на младите се финансиската неписменост односно презадолженоста на населението со т.н. брзи кредити и кредити воопшто, недостигот на редовен и квалитетен превоз како меѓуградски така и градски како и зголемувањето на трошоците за електрична енергија. Позитивно се оценети новите вработувања во ИТ секторот во општината кои се носители на трендот на вработување кај младите, поддршката за користење на обновливи извори енергија и реализацијата на дел од буџетот за млади во општина Битола. Од **социјалните** фактори кои влијаат негативно врз младите се издвојува изложеноста на онлајн булинг, миграциите село-град како и ефектите од социјалната исклученост за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, но од друга страна нотирани се повеќе позитивни фактори кои го подобруваат социјалниот живот на младите како летниот фестивал „Бит фест“, „Трчај бе“, настани од културата и сл. **Технолошките** позитивни фактори меѓу останатото опфаќаат достапен бесплатен интернет на јавни места во општината, тренд на квалификација и преквалификација на младите кон ИТ вештини,

ресурсен центар за млади (Млади Хаб), додека како негативен фактор со најголемо влијание е отсуството на современи фабрики со нови и напредни технолошко-производствени процеси. **Легислативните** фактори кои ги ограничуваат младите воглавно се однесуваат на недоволната активност на Локалниот младински совет при предлагање на младински иницијативи додека најпозитивен фактор кој има силен потенцијал да влијае врз унапредување на состојбите на младите е носењето на стратегија за млади и усогласувањето на политиките за млади на сите нивоа во државата. Негативните **еколошки** фактори вбројуваат неодржувана или непостоечка инфраструктура за спорт и рекреација, загадениот воздух во Битола и малиот процент на енергетско-ефикасни објекти додека позитивните фактори се согледуваат во пост – КОВИД трендот за рекреација преку возење велосипед или пешачење/планинарење .

Подолу е даден детален преглед на ПЕСТЛЕ анализата:

**<u>Политички фактори:</u>**

**Позитивни**

- Позитивна клима со вклучување на нови здруженија/партии во локалниот Совет
- Интензивиран процес за подобрување на состојбата со младите во општината (Стратегија за млади, Младински Центар)
- Политички консензус за проекти важни за младите

**Негативни**

- Предвремени парламентарни и локални избори, неконзистентност и менување на политиките/приоритетите
- Мал број на активни политичари од општината во законодавната власт на централно ниво
- Политизација на институциите и демотивираност на младите поради партиски вработувања во локалната власт
- Висок степен на корупција и непотизам
- Немање поддршка од централната власт за големи проекти/инвестиции

**<u>Економски фактори:</u>**

**Позитивни**

- Можност за користење на обновливи извори на енергија
- Зголемување на просечната плата
- Раст на ИТ индустријата и вработувањата во истата на локално ниво
- Активни мерки на АВРСМ за млади
- ФИТР повици за грантови за млади
- Странски инвестиции во ИЗ Жабени и во општината
- Зголемени капитални инвестиции на локално нив и
- Реализација на буџетот за млади за 2022

**Негативни**

- Енергетска криза – закана за затворање на бизниси и намалување на вработувањата

- Зголемување на инфлацијата
- Најава за нови и зголемени даноци
- Намалување на БДП
- Недостаток на организиран превоз во градот но и од/до руралните средини
- Ограничен простор за алтернативен превоз (велосипед и сл.)
- Лоша состојба на инфраструктурата за превоз
- Нефункционален бесплатен превоз на учениците од руралните средини
- Незаинтересираност за земјоделски бизниси/вработување меѓу младите
- Кредитна презадолженост на населението
- Финансиска неписменост – преголема зависност од брзи кредити
- Намален домашен буџет заради економската криза
- Недоволен буџет за млади на локално ниво
- Ниски инвестиции во клучни објекти за млади

**<u>Социјални фактори:</u>**

**Позитивни**

- Зголемена културна понуда на локално ниво во летен период
- Зголемен број на настани атрактивни за млади (трчај бе, младински фестивали, кино, настани во КИЦ и сл.)
- започнат процес за креирање на Младински центар во Битола
- донесен Социјален план на локално ниво 2021-2024
- зголемено вработување на млади со попреченост
- проекти за социјална инклузија за млади и млади од рурални средини
- зголемен пристап кон објекти за лица со физичка попреченост

**Негативни**

- Континуирано влијание на КОВИД-19 кризата врз социјалниот живот
- Миграцијата село-град
- Социјална исклученост заради невработеност
- небезбедност на младите во социјалните релации (булинг, онлајн булинг, јавно осудување)

**<u>Технолошки фактори:</u>**

**Позитивни**

- Достапни обуки за ИТ вештини
- Поголеми можности за неформално образование
- Постоење на Млади Хаб како ресурсен центар
- Пристап до информации од Јавен карактер на страната на општината
- Онлајн апликации за услуги од јавниот сектор
- Бесплатен wi-fi на многу јавни локации во општината

**Негативни**

- Недостаток на производствено - технолошки компании

- Застарени методи во образованието без употреба на нови практични наставни методи
- ИТ обуки за атрактивните вештини на пазарот на трудот

**Легислативни фактори:**

**Позитивни**

- Усогласување на законите и стратегиите за млади
- Сертифицирани младински работници
- Систематизација на работни места за млади

**Негативни**

- Ниско учество на локалниот младински совет во креирање на политики
- Немање советодавно тело за младински политики на национално ниво

**Еколошки фактори:**

**Позитивни**

- Променети навики на младите – зголемено возење велосипед
- Зголемено учество во ЕКО волонтерски акции
- Зголемено планинарење, прошетки на отворено

**Негативни**

- Загадени и неодржувани патеки за рекреација
- Влијание на загадениот воздух врз активноста на отворено
- Мал број на енергетски ефикасни објекти
- Немање систем за управување со отпад
- Ниска свест за екологија, сериозно загадување од младите

### 1.4. Анализа на засегнатите страни и нивното влијание врз Стратегијата за млади

Во фазата на анализа на засегнатите страни и нивното влијание врз состојбите со младите во општината, членовите на работната група, воедно и претставници на локалните чинители, споделија релевантни информации во однос на мандатот како и можностите за интервенција во наредните 5 години. Секоја институција и организација која е директно засегната од состојбите со младите ги наведе категориите активности кои ги преземаат како и нивото на влијание што го имаат согласно перцепцијата на сите членови во работната група.

Се увиде дека голем број од засегнатите страни иако имаат широк опсег на редовни активности со голема важност за унапредување на состојбите со младите сепак немаат големо влијание врз промената.

Конкретно, високообразовните институции во Битола се со голема важност за младите бидејќи воглавно на нив се образуваат студенти од општината и Пелагонискиот регион односно нивното профилирање во стручни кадри е од големо значење за идните развојни процеси. Сепак, членовите на РГ го оценија влијанието на високообразовните институции како средно пред сé заради реалниот импакт врз креирањето работна сила односно заради недостатоците

и застареноста на образовниот процес од една страна, и незаинтересираноста на младите од друга, што резултира со пасивни студенти и програми за практикантство кои се реализираат „про-форма" и не придонесуваат кон практичните знаења на младите.

Агенцијата за вработување со Регионалниот центар во Битола е институција со голема важност која обезбедува поддршка за младите преку низа мерки и програми а кои се насочени кон поттикнување на практикантството, вработување и самовработување на млади, мерката – гаранција за млади, бесплатни ИТ обуки и сл. Агенцијата е централизирана институција односно активните мерки за млади се носат на национално ниво додека Регионалниот Центар во Битола ги реализира со што има средно влијание врз унапредување на состојбите со младите во однос на пазарот на труд.

Граѓанските организации исто така се идентификувани како засегната страна со голема важност но со мало влијание врз младите во општината. Иако граѓанскиот сектор генерално е задолжен да ги претставува интересите на граѓаните или во случајот младите пред институциите, сепак нивното влијание е оценето како средно заради малиот број млади вклучени во нивната работа како и недоволната соработка со институциите на системот. Дополнително беше нотирана недоволната соработка на ГО со средните училишта која според РГ се должи на административната бариера која образовните институции ја имаат за работа со средношколците односно секое барање за соработка мора да помине низ неколку нивоа на одобрување што го отежнува и забавува процесот на реализација на заеднички проекти со млади.

Институциите од културата како Центарот за култура, Културно-информативниот центар, Универзитетската библиотека Св. Климент Охридски во Битола, Музејот и двете кина имаат голема важност за креирањето на богат и разновиден културно-социјален живот на младите но нивното влијание беше оценето како мало. Конкретно, недостигот од проекти од културата кои се развиени и имплементирани заедно со млади, како и проекти кои ја отсликуваат "дигиталната" ера во која живеат младите беше нотиран како главна причина за малото влијание на овие институции врз младите во општината. Дополнително, институциите од културата со исклучок на КИЦ се централизирани а програмите кои ги реализираат се недоволно финансиски поддржани.

Политичките подмладоци како форма на организирање во која членуваат голем број млади од општината се со средна важност но со големо влијание. Имено, политичките подмладоци имаат бројно членство и од урбаните и од руралните средини и ги претставуваат политичките убедувања на младите во рамките на партијата но беше нотирано дека голем број млади членуваат заради личен интерес или заради наметнато убедување од родителите или другарите. Поттикнуваат активизам и се многу присутни со политички пораки на социјалните мрежи а нивните заложби се пренесуваат до општинскиот Совет преку нивните политички претставници односно советниците.

Детален преглед на засегнатите страни е даден во прилог подолу:

| Засегната страна | Улога на засегнатата страна | Ниво на | Ниво на |
| --- | --- | --- | --- |

| | | важност (Голема, средна или мала) | влијание (Големо, средно или мало) |
|---|---|---|---|
| **Високообразовни институции** | - Профилирање на млади кадри<br>- Насоки за креирање локални политики за практикантство<br>- Релацијата со други засегнати страни и ЕЛС е соработка | Голема важност | Средно влијание |
| **Агенција за вработување** | - Активни мерки за вработување на млади<br>- Гаранција за млади<br>- Програми за Практикантство, субвенционирање на вработување на млади<br>- Бесплатни ИТ обуки за млади<br>- Без локално одлучување базирано на локални потреби, централизирана институција<br>- Релацијата е давање / обезбедување релевантни податоци за состојбата со невработеноста на младите во општината | Голема важност | Средно влијание |
| **Граѓанските организации** | - Едукација на млади за нивните права<br>- Застапување на млади пред општината и институциите, лобирање<br>- Проекти во кои се вклучени млади и за млади<br>- Поттикнување на волонтерство<br>- Меѓународни искуства и соработки<br>- Мали капацитети на локално ниво<br>- Мал број на млади вклучени во работата на ГО во ОБ<br>- Воспоставување на соработка и заеднички проекти со ЛС и организации од образование, култура и спорт | Голема важност | Средно влијание |
| **Институции и организации од културата (Центар за** | - Креирање на културна понуда<br>- Поттикнува интерес за уметноста<br>- Зголемува личен и духовен развој<br>- Соработка со млади за проекти од | Голема важност | Мало влијание |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Култура, Културно информативен Центар, Музеј, Библиотека) | културата<br>- Релацијата е соработка, не е на високо ниво, малку иницијативи од институциите | | |
| **Политички подмладоци** | - Ги претставуваат младите со политичко убедување<br>- Најголеми здружувања на млади во општината<br>- Застапеност и на млади од руралните и од урбаните средини<br>- Поттикнуваат активизам<br>- Дисеминираат општествено важни прашања меѓу членовите<br>- Активни на социјалните мрежи/го пренесуваат својот глас<br>- Не секогаш јасни определби за членство во една или друга партија<br>- Влијание на семејството или другар(к)ите врз изборот на политичката опција<br>- Членство заради лични бенефиции<br>- Релацијата е политичка, соработуваат со партиите кои се дел од Општинскиот Совет | Средна важност | Големо влијание |

### 1.5. Анализа на капацитетите, можностите и заканите во работењето (SWOT)

Во процесот на подготовка на Стратегијата беа анализирани и сите фактори на влијание кои ја сочинуваат внатрешната околина односно сите силни и слаби страни при секоја од стратешките области како и можностите за развој и подобрување на состојбите но и заканите за реализација на мерките од Стратегијата.

Како јака страна беше идентификувана поставената инфраструктура за вклучување и информирање на младите во општината односно Локалниот Младински Совет и ресурсниот центар Млади Хаб. Дополнително, Битола располага со активни институции од културата и спортски клубови а близината на Националниот Парк „Пелистер" овозможува рекреација и активности за здрав живот на младите. Во општината е развиен ИТ секторот кој вработува голем број млади со релативно добри плати а јака страна е и постоењето на средни насочени училишта како музичко, техничко, медицинско и др. Врз основа на јаките страни на внатрешното опкружување идентификувани се низа можности за унапредување на состојбите на младите на локално ниво кои пак се рамка за креирање конкретни мерки за реализација на целите поставени во петгодишната стратегија за млади. Конкретно, можностите за развој и унапредување се однесуваат на изградба на планинарска инфраструктура (патеки и домови) и содржини за авантуристички и рурален туризам, поддршка за развој и практикување на разни

видови спорт преку постоечките но и новоформирани спортски клубови, можности за поинтензивна соработка меѓу ВОИ и ЕЛС како и зголемување на проекти за млади финансирани од ЕУ и други странски фондови, промоција на инвестиции во ИЗ Жабени за креирање атрактивни работни места за младите како и искористување на активните мерки за самовработување преку АВ, поддршка на развојот на семејните бизниси и обуки за ИПАРД проекти како и воведување на концептот „бизнис ангели" преку бизнис инкубатор за млади, стекнување на практични знаења релевантни на пазарот на труд преку практикантство, доквалификација и преквалификација како и промовирање на дополнителната работа од 10 часа плус неделно. Волонтирањето е нотирано како можност за вклучување на младите во проекти важни за локалната заедница.

Од друга страна, слабите страни кои влијаат врз планирањето и степенот на реализација на мерките од Стратегијата вклучуваат недоволно развиена или непостоечка инфраструктура на локално ниво а особено во руралните средини во општината за спорт и култура, низок буџет алоциран за младински проекти кој е базиран врз приоритетите на младите, слаби капацитети на ВОИ и неангажираност на наставниот кадар во воншколски проекти атрактивни и релевантни за младите, како и неадекватност на програмите за пракса за студентите каде се забележува отсуство на вистинска менторска поддршка. Дополнително, незаинтересираноста на младите за волонтирање е слаба страна која резултира малку активности на младите од јавен интерес. Политизацијата и партизацијата на општеството се рефлектираат во непотизам и вработувања по партиски клуч и на локално ниво. Слаба страна е и недоволната информираност на младите за можностите за вклучување во работењето на ЕЛС и ГО што во добар дел се должи на застарениот систем за информирање односно недоволно и несоодветно користење на социјалните мрежи од институциите.

Меѓу останатите, главни закани кои имаат висок потенцијал да влијаат негативно врз реализацијата на заложбите од Стратегијата на среден и долг рок се лошата економска состојба како и трендот на иселување на младите. Дополнително, апатијата на младите и стравот од неуспех во претприемништвото се закануваат кон зголемување на и онака присутната пасивност кај младите и зголемување на бројот на НЕЕТ односно долгорочно невработени млади лица. Непостоењето на образовни програми атрактивни за младите и апликативни на современото време како и непостоењето на бизнис култура кај младите се закануваат за продлабочување на јазот меѓу квалификациите на младите и бараните вештини на пазарот на труд. Сериозна закана е забележана и во трендот на зголемување на бројот на млади со девијантно однесување и користење на наркотици и алкохол.

Детален преглед на наодите од SWOT анализата е даден подолу:

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| • Развиени културни установи<br>• Голем број спортски клубови<br>• формиран Локален младински совет и | • Недоволна спортска инфраструктура<br>• Непостоење на културен инкубатор<br>• Недоволно средства во локалниот буџет за младински активности |

| | |
|---|---|
| локален волонтерски Совет<br>• Млади Хаб – јавен простор за млади<br>• Постоење на средни стручни училишта (медицинско, музичко, техничко и др.)<br>• Развиена ИТ индустрија<br>• Постоење на Национален Парк во непосредна близина | • Недоволни можности и менторски програми за пракса на ученици и студенти<br>• Некористење на трендовски методи за информирање преку социјални медиуми од институциите кон младите (reels, story)<br>• Ослабени капацитети на клиничката болница (лекари и медицински сестри)<br>• Недоволни капацитети на Универзитетот<br>• Непотизам и партиски вработувања<br>• |

| **Можности** | **Закани** |
|---|---|
| • Изградба на планинарски Домови (обезбедени средства)<br>• Поддршка на спортските клубови и здруженија за организирање на нови и алтернативни спортски активности<br>• Можност за искористување на ЕУ и други фондови за проекти за млади<br>• Можност за соработка со ВОИ<br>• Можност за инвестиции во Индустриска Зона<br>• Постоење на активни мерки за вработување од АВ<br>• Авантуристички туризам, традиционален и рурален туризам<br>• Промоција на земјоделски бизниси, органско производство<br>• Развој на семејни бизниси<br>• Обука и едукација на младите за ИПАРД поддршка<br>• Поддршка преку бизнис ангели и втора шанса за бизнис за младите (бизнис инкубатор за млади)<br>• Промоција за практикантство и волонтирање на младите заради постоење на законските можности<br>• Дообука и преквалификација<br>• Дополнителна работа до +10 часа неделно | • Лоша економска состојба<br>• Тренд на иселување<br>• Тренд на девијантно однесување кај младите<br>• Апатија и незаинтересираност на младите<br>• Незаинтересираност на младите за волонтирање<br>• Страв од неуспех во претприемништвото (непреземање ризик за отворање сопствен бизнис)<br>• Изумирање на занаетите и недостиг на квалификувана работна сила<br>• Долгорочно невработени лица и пасивност на младите (НЕЕТ)<br>• Немање бизнис култура меѓу младите<br>• Опаднат квалитет на образованието - недоволно квалитетни кадри во образованието |

# 2. СТРАТЕШКА РАМКА

**Главна цел на стратегијата:**
**Активно вклучување на младите во сите сфери на живеење на локално ниво, унапредување и зајакнување на нивните капацитети и нивно мотивирање преку конкретни мерки за младински активизам и зајакнато учество во процесите на донесување одлуки.**

| **Област 1 – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** | | |
|---|---|---|
| **Стратешка цел 1.1: Локалниот младински совет успешно ги застапува потребите на младите пред Советот на општината, локалните институции и останатите чинители** | | |
| | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.1.1 | ЛМС редовно поднесува иницијативи и предлози пред ОС | • Најмалку 5 подготвени и поднесени предлози пред Советот |
| 1.1.2 | **Советот на Општина Битола дава активна поддршка на функционирањето на ЛМС** | • Најмалку 5 усвоени предлог-програми, локални политики од Советот |
| **Мерки по цел 1.1:**<br>• **Обука за лобирање и застапување за членовите на ЛМС**<br>• **Изработка на иницијативи и предлози од ЛМС пред Советот на ЕЛС Битола**<br>• Реализација на предлози од ЛМС со поддршка од Советот на ЕЛС Битола<br>• Координативни состаноци со советниците од сите политички опции/лобирање од страна на ЛМС | | |
| **Стратешка цел 1.2: Обезбедена континуирана финансиска поддршка од Општината за поттикнување на младинското учество** | | |
| | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.2.1 | Обезбеден буџет од Општината за млади согласно Законот за младинско учество и младински политики | • Буџетирани 0,1 % од локалниот буџет за активности за млади на годишно ниво |
| 1.2.2 | Буџетот за млади активно се користи во младински активности на локално ниво | • Реализирани 0,1 % од буџетот на Општината за активности за млади на годишно ниво |
| 1.2.3 | Подобрено активно учество на младите од руралните средини во јавниот живот | • Доделени 5 мали грантови за зајакнување на младите од руралните средини |
| **Мерки по цел 1.2:**<br>• **Инклузивен процес на буџетирање за млади согласно Законот за младинско учество и младински политики**<br>• Реализација на буџетот за спроведување на Акцискиот план 2023-2024 од Стратегијата за млади на ОБ<br>• Поттикнување на млади од руралните средини за активно учество во јавниот живот | | |
| **Стратешка цел 1.3: Воспоставување на функционален инклузивен систем за креирање и имплементирање на активности за вклучување на младите** | | |
| | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.3.1 | Воспоставен функционален Младински Центар | • Избрана организација која го води Центарот |
| 1.3.2 | Изработена функционална програма на МЦ на годишно ниво | • број на реализирани активности од програмата<br>• број на млади вклучени во работењето на младинскиот центар; |

- број на млади вклучени во активностите од програмата на МЦ

Мерки по цел 1.3:

- Отворање на Младински Центар
- Изработка на програма на МЦ
- **Реализација на Програмата на МЦ**

## Област 2 – МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

**Стратешка цел 2.1: Развиени и функционални дигитални алатки за младинско информирање**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 2.1.1 | Развиена и ажурирана сеопфатна веб страна за младинско информирање | • Број на посетители на веб страницата<br>• Број на соопштенија и информации споделени преку веб страницата |
| 2.1.2 | Развиена апликација за младинско информирање поврзана со веб страната за младинско информирање | • Број на млади корисници на апликацијата<br>• Број на споделени содржини преку апликацијата |
| | | |

**Мерки по цел 2.1:**

- Развој и ажурирање сеопфатна веб страна за младинско информирање
- Развој на апликација за младинско информирање поврзана со веб страната за младинско информирање

**Стратешка цел 2.2: Развиено и функционално младинско радио со збогатена понуда на содржини за младите**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 2.2.1 | Воведени атрактивни содржини за млади, развиени и емитувани преку радио | • Најмалку 20 содржини развиени од млади, иновативни и атрактивни за млади, за младинско информирање |
| 2.2.2 | Воведена посебна емисија за информирање на младите за работењето на ЛМС | • број на слушатели на радиото и емисијата |
| 2.2.3 | Зголемена вклученост на познати лица од јавниот живот за мотивирање на млади | • Најмалку 10 гостувања на познати јавни личности со цел младинско мотивирање |

**Мерки по цел 2.2:**

- Креирање на нови атрактивни содржини за млади, развиени и емитувани преку радио
- Воведување посебна емисија за информирање на младите за работењето на ЛМС
- Емитување на мотивациски радио емисии со познати лица од јавниот живот

**Стратешка цел 2.3: Зајакнато младинско информирање преку социјални медиуми**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 2.3.1 | **Воспоставен функционален YouTube канал за младинско информирање** | • Број на следбеници на каналот<br>• Број на корисници на содржините на каналот |
| 2.3.2 | Креирана наменска вибер група за младинско информирање | • Број на членови во вибер групата |
| 2.3.3 | **Отворен Facebook/Instagram профил (поврзан со веб страната) за младинско информирање** | • Број на следбеници на профилот |

**Мерки по цел 2.3:**

- **Отворање YouTube канал за младинско информирање**
- **Креирање на наменска Viber група за младинско информирање**
- **Отворање FB/Instagram профил (поврзан со веб страната) за младинско информирање**

## ОБЛАСТ 3 – МЛАДИНСКА РАБОТА

**Стратешка цел 3.1: Младинската работа е промовирана како алатка за личен и социјален развој на младите**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 3.1.1 | Препознаен концептот за младинска работа од институциите и засегнатите страни | • Најмалку 3 општински настани на тема младинска работа |
| 3.1.2 | Промовирана младинската работа во средните училишта и Универзитетот | • Одржани 10 средби за промоција на младинската работа со средните училишта и факултетите |

**Мерки по цел 3.1:**

- Одржување на инфо средби за промоција на придобивките од младинската работа
- Организирање на промотивни настани во образовни институции
- Јавна (онлајн) кампања за промоција на младинската работа со вклученост на ЛМС

**Стратешка цел 3.2: Обезбедени услови за испорака квалитетна младинска работа**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 3.2.1 | Подобрени човечки ресурси за испорака на младинска работа | • Најмалку 10 нови сертифицирани младински работници во општина Битола |
| 3.2.2 | Зголемена поддршка од Општина Битола за сертификација на младински работници преку доделување грантови | • Определен буџет за најмалку 10 грантови за сертификации на младински работници |
| 3.2.3 | Воведена редовна соработка меѓу ГО и јавниот сектор за младинска работа | • Заеднички развиени 5 програми за младинска работа меѓу ГО и јавен сектор |

**Мерки по цел 3.2:**

- Подготовка и објавување јавен повик за грантови за сертификација на младински работници
- Обука и сертификација на младински работници
- Воведување редовна соработка меѓу ГО и јавниот сектор за младинска работа

**Стратешка цел 3.3: Локалните младински организации имаат капацитети да поддржат и спроведат програми за зајакнување на младински работници на локално ниво**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 3.3.1 | Зајакнати капацитети на младински работници во институциите и организациите | • Одржани 5 едукативни работилници<br>• Број на учесници кои изјавуваат дека го зголемиле своето знаење за младинска работа и младински политики |
| 3.3.2 | Зголемен бројот на организации кои работат со млади | • Најмалку 5 организации кои започнале да работат со млади |

**Мерки по цел 3.3:**

- Едукација на младински работници во институциите и организациите
- Поттикнување на организации за работа со млади преку обезбедување партнерства за поддршка со ЛС и ВОИ

## ОБЛАСТ 4 – ОБРАЗОВАНИЕ

**Стратешка цел 4.1: Подобрен квалитетот при реализацијата на практичната настава**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 4.1.1. | Подготвена анализа на предизвиците за испорака на квалитетна практична настава | • Најмалку 20 % од наставниот кадар во СОУ и ВОИ вклучен во анализата |
| 4.1.2 | Подготвен и усвоен конкретен план за надминување на слабите страни на практичната настава | Најмалку 5 предлози со заедничка координација на општината и СОУ<br>Најмалку 5 предлози изработени во соработка на ВОИ и бизнис секторот |
| 4.1.3 | Мапирани идни можности за реализација на практичната настава | • Изработени подобри планови за реализација на практична настава<br>• Број на нови понудувачи на практична настава |

**Мерки по цел 4.1:**

- изработка и промоција на методологија за анализа на практичната настава
- Спроведување на анализа на силни и слаби страни на практичната настава
- Изработка на предлози за надминување на слабите страни на практичната настава
- Воспоставување на мапа на локални субјекти за реализација на практична настава

**Стратешка цел 4.2: Поддршка за стекнување животни вештини на младите над 18 годишна возраст кои не се во образовен процес**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 4.2.1 | Подобрени презентациски вештини на младите над 18 години со завршено средно образование | • Најмалку 5 брзи курсеви<br>• Број на млади со завршено средно образование кои ги подобриле вештините |
| 4.2.2 | Зајакнати вештини за формална комуникација (административен и деловен јазик, пишан и говорен) | • Најмалку 5 брзи курсеви<br>• Број на млади со завршено средно образование кои ги подобриле вештините |
| 4.2.3 | Унапреден систем за поддршка на кариерен развој | • Најмалку 5 советувања<br>• Број на воспоставени активности за кариерно советување |

**Мерки по цел 4.2:**

- Спроведување на курсеви за презентациски вештини
- Спроведување на курсеви за формална комуникација (административен и деловен јазик, пишан и говорен)
- Јакнење на човечки капацитети за советување за кариерен развој

**Стратешка цел 4.3: Зајакната промоција на неформалното образование**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 4.3.1 | Подобрена информираност кај младите за важноста на неформалното образование кое го даваат граѓанските организации | • Одржани најмалку 5 инфо денови |
| 4.3.2 | **Зајакната информираност кај младите за ERASMUS+ програмата во соработка со Агенцијата за мобилност и образование** | • Организирани најмалку 3 настани за промоција на ERASMUS+ програмата |
| 4.3.3 | Зајакната информираност на младите за програми за акредитација на вештини и знаења (саем на неформално образование) | • Одржани најмалку 2 саеми за неформално образование |

Мерки по цел 4.3:

- Инфо денови во СОУ за неформално образование во соработка со граѓанските организации
- **Промоција на ERASMUS+ програмата во соработка со Национална Агенција за европски образовни програми и мобилност**
- Програми за акредитација на вештини и знаења (саем на неформално образование)

## ОБЛАСТ 5 – КУЛТУРА И СПОРТ

**Стратешка цел 5.1: Објектите за спортски и културни активности се подостапни за младите**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 5.1.1 | Обезбедени услови за слободно користење на МЗ за спортски и културни активности | • Најмалку 5 МЗ достапни за користење од младите |
| 5.1.2 | Функционален систем за управување со слободните термини за користење на спортските објекти и објектите од културата | • Зголемување на искористеноста на објектите за 20% од млади<br>• Учество во рекреативни спортови |
| 5.1.3 | Изградба/поставување на спортски објекти и јавни терени за рекреативно спортување | • Најмалку 2 маси за пинг понг поставени на јавни површини<br>• Најмалку 1 теретана на отворено поставена во нова Битола |

**Мерки по цел 5.1:**

- Обезбедување слободно користење на МЗ за спортски и културни активности
- Развиен јавен план и стандарди за користење на спортските објекти и објектите од културата од страна на млади и младински организации

**Стратешка цел 5.2: Зголемено учество на младите во спортски и културни содржини**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 5.2.1 | Зголемено учество на младите во креирањето спортски и активности од културата | • Најмалку 15 млади учествувале во креирање на спортски и културни програми на годишно ниво |
| 5.2.2 | Зголемена посетеност на спортски активности и активности од културата креирани од страна на младите | • Најмалку 50 % на млади луѓе посетиле 2 културни настани годишно<br>• Најмалку 50 % на млади луѓе посетиле 2 спортски настани годишно |

**Мерки по цел 5.2:**

- Вклучување на младите во креирањето спортски настани и активности и во активности од културата во соработка меѓу ОИ и спортските клубови и институциите од културата
- Промоција на спортски и активности од културата пред млада публика

**Стратешка цел 5.3: Иницирање на младински културни содржини и спортски активности според нивни потреби**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 5.3.1 | Креирани и имплементирани иновативни културни содржини од млади | • Најмалку 5 културни содржини реализирани во целост од младите |
| 5.3.2 | Иницирани и реализирани спортски активности од младите | • Најмалку 5 спортски активности реализирани од млади |
| 5.3.3 | Формирани нови спортски клубови за нови и помалку популарни спортови | • Формиран најмалку еден клуб/здружение за нов спорт во општината |

**Мерки по цел 5.3:**

- Создавање иновативни културни содржини од млади со објавување на јавен повик
- Организација на спортски активности од младите, Формирање на нови спортски клубови за нови и помалку популарни спортови

## ОБЛАСТ 6 – ЗДРАВЈЕ

**Стратешка цел 6.1: Континуирано едуцирање за здрав живот и здрав животен стил**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 6.1.1 | Подобрена информираност на младите за здрав живот и здрави животни навики | • Одржани 10 работилници/предавања во соработка со ГО/факултетите/Центарот за јавно здравје |
| 6.1.2 | Зајакната мотивација кај младите за спортски навики и здрави животни стилови | Одржани 5 мотивациски настани |
| 6.1.3 | Дисеминирана брошура за ефектите од здравиот начин на исхрана | • Најмалку 1 брошура во 2000 примероци |

**Мерки по цел 6.1:**

- Работилници за здрав живот
- Организирање на мотивациски настани со познати спортисти и промотори на здравиот животен стил
- Подготовка и дисеминација на брошура за ефектите од здравиот начин на исхрана

**Стратешка цел 6.2: Зголемен интерес на младите кон природата и природните убавини**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 6.2.1 | Развиени навики кај младите за престој во планина во соработка со планинарски клубови/здруженија | • Организирани најмалку 5 планинарски тури за млади |
| 6.2.2 | Обезбедени услови за развој на планински велосипедизам | • Изградени/обележани најмалку 10 км планински патеки за велосипедизам |
| 6.2.3 | Промовирани навики за вежбање во природа | • Одржани 2 хепенинзи за вежбање во природа |

**Мерки по цел 6.2:**

- Организирање активности во планина во соработка со планинарски клубови/здруженија
- Изградба/обележување на планински патеки
- Активности за вежбање во природа

**Стратешка цел 6.3: Подобрување на менталното здравје кај младите**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 6.3.1 | **Отворена бесплатна телефонска СОС линија/ канал на социјалните медиуми за психолошка поддршка на млади** | • Број на јавувања на СОС линијата на годишно ниво<br>• Број на случаи во кои е успешно укажана помош и поддршка |
| 6.3.2 | Воспоставен систем за координација на училишните психолози | • Најмалку 2 средби на годишно ниво на психолозите од СОУ за размена на искуства и практики за работа за средношколци |

**Мерки по цел 6.3:**

- **Отворање на телефонска SOS линија за психолошка поддршка на млади**
- Воспоставување систем за координација на училишните психолози преку формирање неформална мрежа на психолози од СОУ и редовни средби за размена на искуства и успешни практики за работа со млади

## ОБЛАСТ 7 – ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

**Стратешка цел 7.1: Подобрена вработливост на младите луѓе во општината**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 7.1.1 | **Стекнати вештини за изработка на CV и мотивациско писмо (стандарден формат и формат прилагоден за социјални мрежи)** | • Најмалку 100 млади со стекнати вештини |
| 7.1.2 | Зајакнати вештини за претставување пред работодавачи (интервју за работа) и однесување на работно место | Најмалку 100 млади обучени |
| 7.1.3 | Подобрени меки вештини (лидерство, тимска работа, организациска култура, работа под притисок, флексибилност, комуникација на работно место и др.) | • Најмалку 50 млади со стекнати меки вештини |

**Мерки по цел 7.1:**

- **Обука за стекнување  вештини за изработка на CV и мотивациско писмо (стандарден формат и формат за на социјални мрежи)**
- Обука за стекнување   вештини за претставување пред работодавачи (интервју за работа)
- **Обука за стекнување меки вештини (лидерство, тимска работа, организациска култура, работа под притисок, флексибилност, комуникација на работно место и др.)**

**Стратешка цел 7.2: Зајакнати вештини кај младите за самовработување**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 7.2.1 | Промовиран концептот на претприемач помеѓу младите | • Одржани 5 настани во соработка со регионалната стопанска комора и факултетот за економски науки |
| 7.2.2 | Стекнати вештини за изработка на бизнис план | • Барем 50 млади со стекнати вештини за изработка на бизнис план |
| 7.2.3 | Зајакнати вештини за изнаоѓање мерки за финансиска поддршка за отпочнување сопствен бизнис | • Барем 50 млади изјавиле дека подобро идентификуваат мерки за финансиска поддршка |
| 7.2.4 | Обезбедени финансиски средства за отпочнување бизнис за млади од АВ | • Барем 20 грантови за самовработување на млади од активните мерки на АВ |

**Мерки по цел 7.2:**

- Промоција на концептот на претприемач
- Обука за стекнување вештини за изработка на бизнис план
- Обука за стекнување вештини за изнаоѓање мерки за финансиска поддршка за отпочнување сопствен бизнис
- Презентација на активните мерки а самовработување од АВ

**Стратешка цел 7.3: Зајакнати технолошки и јазични вештини на младите согласно барањата на пазарот**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 7.3.1 | Подобрени основни ИТ вештини | • Најмалку 100 млади со стекнати основни ИТ вештини |
| 7.3.2 | Подобрени напредни ИТ вештини (програмирање) за млади со помалку можности | • 5 ко-финансирани грантови за млади со помалку можности за напредни ИТ вештини (програмирање) |

| | | |
|---|---|---|
| 7.3.3 | Подобрено ниво на познавање на англиски и германски јазик | • Ко-финансирани курсеви за напреден деловен англиски и германски јазик |

**Мерки по цел 7.3:**

- Обука за стекнување основни ИТ вештини
- Обука за стекнување напредни ИТ вештини (програмирање)
- Курс за повисоко ниво на познавање на англиски и германски јазик

## ОБЛАСТ 8 – БЕЗБЕДНОСТ

**Стратешка цел 8.1: Намалување на меѓуврсничкото насилство**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 8.1.1 | Зголемена свесност за последиците од врсничко насилство помеѓу младите | • Организирани 10 едукативни работилници |
| 8.1.2 | Зголемена свесност за препознавање и постапување за булинг на социјалните мрежи | Креирани и дисеминирани едукативни содржини на социјалните мрежи (најмалку 10) |
| | | • Намален број на случаи на врсничко насилство на годишно ниво |

**Мерки по цел 8.1:**

- Кампања за подигнување на свесноста за врсничко насилство
- Кампања за подигнување на свесноста за булинг на социјалните мрежи

**Стратешка цел 8.2: Подобрена информираност кај младите за санкциите од насилничко однесување**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 8.2.1 | Зголемена свесност и знаење за казнените мерки заради насилничко однесување | • Број на учесници на едукативни настани кои ја унапредиле својата информираност за казнени мерки |
| 8.2.2 | Подобрена информираност за препознавање на манипулација и проневера од трети лица (уцени, закани и фалсификати) | • Број на учесници на едукативни настани кои ја унапредиле својата информираност за ситуации на манипулација и проневера |

**Мерки по цел 8.2:**

- Активности за подигање на свесноста и знаење за казнените мерки заради насилничко однесување
- Јавно информирање (предупредување) за манипулација и проневера од трети лица (уцени, закани и фалсификати)

**Стратешка цел 8.3: Намалување на асоцијалното однесување на младите**

| | Резултати | Индикатори |
|---|---|---|
| 8.3.1 | Дисеминирани едукативни содржини преку социјалните медиуми | • Број на млади кои ги прегледале едукативните содржини |
| 8.3.2 | Координиран превентивен пристап на СВР и психолозите од СОУ кон младите за спречување на асоцијално и девијантно однесување | • Најмалку 10 средби за информирање за трендот на девијантно и асоцијално однесување на средношколците<br>• Утврден трендот на асоцијално однесување на младите на годишно ниво и преглед на мерките за превенција во СОУ |

**Мерки по цел 8.3:**

- Дисеминирани едукативни содржини преку социјалните медиуми
- Координативни средби на СВР Битола со училишните психолози од СОУ за утврдување на трендот на асоцијално однесување на младите и преглед на мерките за превенција

# 2 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Стратегијата за млади е јавен документ кој ги содржи целите и насоките за унапредување на состојбата на младите во Општина Битола, при што имплементацијата на истата е меѓуинституционално и меѓусекторски поврзана и во таа смисла меѓузависна.

Обврска на Општина Битола како носител на Стратегијата за млади е севкупната координација со сите засегнати страни  и управување на процесот на нејзина реализација со цел достигнување на зададените цели кои би ја подобриле положбата на младите во наредниот петгодишен период.

Раководењето на процесот на реализација на Стратегијата кон достигнување на целите, во овој случај е еден од поголемите ризици бидејќи во процесот се вклучени институции и организации од различни нивоа на власт, со различни структури и хиерархии на одлучување и на крајот со различни човечки и финансиски капацитети. Усогласувањето на динамиката и квалитетот во реализацијата на Стратегијата е сериозен предизвик во чиешто надминување Општината ја има водечката улога. Оттаму, главниот ризик за реализација на Стратегијата за млади би била недоволната посветеност кон процесот од страна на Општината и соодветно на тоа, отсуството на лидерство и координација со останатите вклучени страни.

Промената на политичката структура во раководството на Општината исто така претставува потенцијален ризик за реализацијата на овој стратешки документ со оглед на тоа што приоритетите и програмите за раководење се менуваат после локалните избори. Дополнителен ризик се и ограничените финансиски средства алоцирани за млади во општинскиот буџет.

Една од мерките за надминување на овој ризик е јакнењето на граѓанското општество и нивната улога во реализацијата на Стратегијата за млади со што би се зголемил јавниот притисок врз локалната самоуправа за посветеност и доследност кон поставените цели за подобрување на состојбата со младите во општината.

Оттаму, можните ризици кои имаат потенцијал да го загрозат реализирањето на мерките од Стратегијата и достигнувањето на целите се како од внатрешен така и од надворешен карактер. Конкретно,  при изработката на Стратегијата, со SWOT анализата беа детектирани заканите кои дополнително се анализираа во матрица за проценка на веројатноста и за секоја од истите се понудија предлог мерки за намалување на ризикот како и субјект кој е одговорен за преземање на соодветните мерки.

Детален преглед на заканите и предлог мерките за нивно намалување и/или надминување се дадени подолу:

| Идентификувани закани | Веројатност на ризикот | Предлог мерка за намалување на ризикот | Одговорна институција/субјект |
|---|---|---|---|
| Лоша економска состојба | средна | • Мерки за само/вработување, програми за доквалификација и напредни ИТ вештини<br>• Субвенционирање на „зелени“ и ИТ работни места | Општина Битола<br>Агенција за вработување<br>Бизнис сектор |
| Тренд на иселување | висока | • Едукација за намалување на корупцијата<br>• Подигнување на квалитетот на образованието<br>• Зголемување на довербата во институциите<br>• Почитување на работничките права и повисоки плати<br>• Услови за квалитетен живот во помалите населени места<br><br>**Стратешки ризик кој бара системско делување предводено од централната власт* | Централна власт<br>Општина Битола<br>Институциите на државата |
| Тренд на девијантно однесување кај младите | ниска | • Координативни средби со СВР Битола, училишните психолози во Средното образование<br>• Редовна едукација преку социјалните мрежи | СВР Битола<br>ГО<br>СОУ |
| Апатија и незаинтересираност на младите | средна | • Активности за младинско вклучување<br>• Интензивно младинско информирање<br>• Проекти за зајакнување на младите | ГО<br>Општина Битола<br>Наставен кадар во СОУ и ВОИ<br>Центар за јавно здравје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • Поддршка за менталното здравје кај младите | |
| Страв од неуспех во претприемништвото (непреземање ризик за отворање сопствен бизнис) | средна | • Мерки за поддршка на започнување бизнис/бизнис ангели<br>• Промоција на практикантството | Регионална стопанска комора<br>Бизнис сектор<br>Агенција за вработување<br>ГО |
| Изумирање на занаетите и недостиг на квалификувана работна сила | висока | • Програми за до/пре – квалификација<br>• Програми за стекнување пазарни вештини | Универзитет Св. Климент Охридски<br>СОУ<br>Работнички Универзитет Битола |
| Долгорочно невработени лица и пасивност на младите (НЕЕТ) | средна | • Анализа на вистинската состојба со НЕЕТ во Битола (проценка на бројот на млади кои се водат како НЕЕТ а работат од дома/на далечина) | Агенција за вработување |
| Немање бизнис култура меѓу младите | средна | • Промоција на претприемништвото<br>• Менторирани програми за практикантство | ГО<br>Регионална стопанска комора<br>Општина Битола |
| Опаднат квалитет на образованието, недоволно квалитетни кадри во образованието | средна | • Промоција на неформалното образование<br>• Мерки за мотивација на наставниот кадар за воншколски активности<br>• Мерки за наградување за посебно залагање на наставниот кадар | Општина Битола<br>СОУ<br>ГО |

# 3 МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Главната цел на следењето на имплементацијата на Стратегијата за млади е да се обезбедат релевантни информации за квалитетот на спроведувањето на истата, динамиката на спроведување на активностите и секако навремено да се идентификуваат предизвиците и проблемите за да можат да се надминат со соодветни решенија во текот на петте години, односно за време на периодот 2023 – 2027 во кој истата треба да се спроведува.

Стратегијата за млади, на ниво на резултати за секоја од стратешките цели, во сите 8 области на планирани интервенции, има поставено индикатори за успех кои ја дефинираат матрицата

за мониторинг на имплементацијата. Конкретно, врз основа на овие индикатори, Општина Битола како носител на Стратегијата за млади, дополнително ќе подготви План за мониторинг и евалуација во кој ќе се дефинираат одговорните страни за спроведување на предлог активностите за цел период на имплементација, изворите на верификација на постигнатите резултати како и базичните индикатори кои ја отсликуваат состојбата со младите во моментов а се веќе обезбедени со истражувањето спроведено при подготовката на Стратегијата.

Општина Битола исто така е задолжена и за спроведување на ex-post оценка за успешноста на Стратегијата односно за оценка дали и во која мера поставените цели биле релевантни на потребите, нивото на ефикасност и ефективност на предлог мерките при унапредување на состојбата на младите во сите 8 области и најважно до кој степен спроведувањето на Стратегијата имало позитивно влијание врз промената на состојбата на младите во општина Битола. Одредувањето на влијанието на Стратегијата врз состојбата на младите по завршувањето на петгодишниот период на имплементација (финална евалуација) ќе биде фокусирано врз степенот на достигнување на стратешките цели со квалитативно и квантитативно истражување.

# 4 КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Комуникацијата на Стратегијата за млади, како интерно помеѓу засегнатите страни така и кон јавноста, е една од клучните елементи од кои во голема мера зависи и достигнувањето на стратешките цели во сите детерминирани 8 области на делување.

Активностите за комуникација на целите, мерките и конкретните проекти кои се предвидени со Стратегијата за млади се планираат врз принципот на транспарентност и вклученост, принципи врз кои се раководи и Општина Битола во односите со јавноста. Оттаму, конзистентноста со политиката за транспарентност во комуникацијата на сите аспекти од Стратегијата за млади е императив за сите вклучени страни во нејзината имплементација.

Основната цел на стратегијата за комуникација е подигање на свесноста кај општата популација за важноста на младинските прашања и младинското вклучување во општествените процеси на територија на општина Битола.

Одржливоста на резултатите кои би се постигнале со спроведување на Стратегијата за млади е директно зависна од степенот на информираност, вклученост и знаење за важноста на младинските прашања и предизвици. Оттаму, дисеминацијата на информациите околу спроведување на Стратегијата за млади до што поширока публика и подигање на јавната свест за младинските прашања се клучните аспекти при дефинирањето на алатките кои ќе се користат при комуникацијата и односите со јавноста од страна на сите вклучени страни.

Дополнително, општина Битола потребно е да изработи План за комуникација на Стратегијата за млади 2023-2027 со кој попрецизно ќе се дефинираат каналите за интерна комуникација меѓу засегнатите страни која е пресудна за успешно спроведување на Стратегијата земајќи предвид дека политиките за млади се меѓусекторски и во нивната имплементација покрај

локалните засегнати страни се вклучени и институции на национално ниво. Со Планот ќе се дефинира и динамиката на дисеминација на пораки кон јавноста и каналите кои би се користеле со прецизно наведени одговорности и одговорни лица од секоја засегната страна. Исто така, се препорачува Општината да развие визуелен идентитет на Стратегијата за млади односно на сите активности и мерки за млади кои би се спроведувале на локално ниво во наредните 5 години со цел препознатливост на истите меѓу јавноста. Можноста да се развие визуелниот идентитет во тесна соработка со младите може да создаде силна сопственост на младите кон Стратегијата и да овозможи нивно вклучување во активностите за комуникација од самиот почеток на имплементирачкиот петгодишен период.

Алатките кои би се користеле при комуникацијата на Стратегијата треба да вклучат традиционални и дигитални медиуми (види визуелен приказ подолу), неформални средби и дебати со млади, посета и информирање во СОУ и ВОИ како и јавни настани за масовна посетеност. Дополнително, во тесна соработка со спортските клубови и ГО можат да се организираат специфични настани за таргетирана публика како активности за информирање на младите во природа/планина, креативни лаборатории за млади за подготовка на дизајн за промотивни материјали и предлог канали за дисеминација од млади. При дефинирањето на алатките за комуникација пресудно е да се вклучат младите особено заради нивните забелешки за неефикасноста на комуникациската стратегија на ЛИ со младите заради користењето на застарени методи и комуникациски алатки.




Важноста на информирањето на младите се огледува и во тоа што тоа е издвоено како посебна стратешка област која е застапена како во Националната така и локалната Стратегија за млади. Конкретно, во рамките на стратешките цели на Стратегијата за млади 2023 – 2027 е предвидено подобрување на состојбите со Младинското информирање, област која при анализата на состојбите со младите (2022) покажа разочарувачки резултати. Младите во Општина Битола се во голема мера неинформирани за можностите за вклучување во општествените процеси при креирањето локални политики како и за можностите за личен и професионален развој а кои се достапни во општината. Дополнително, и локалните

